МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ
СТУДИСКА ПРОГРАМА:

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ТРАНСНАЦИОНАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ И НЕГОВАТА ПОВРЗАНОСТ СО ТЕРОРИЗМОТ

СТУДЕНТ: **ДЕНИЗ АЛИ**
БРОЈ НА ИНДЕКС:
МЕНТОР: **ПРОФ. Д-Р ВАСКО СТАМЕВСКИ**

Свети Николе, 2023

Кратко резиме

Транснационалниот организиран криминал се манифестира преку разни облици на криминално делување, барајќи соодветни услови за свој опстанок, експанзија и што поголемо присуство во меѓународни размери. Неговата актуелност посебно доаѓа до израз во услови на економски развиени и од друга страна неразвиени земји, во процеси на транзиција преку кои поминувале и поминуваат многу земји од Источна и Централна Европа и глобализацијата како интеграционен процес на меѓународни односи кои го обединуваат светскиот пазар на капитал и технологија. Настојувајќи да опстане и да се развива, транснационалниот организиран криминал наоѓа соодветни форми за сопствена заштита и уживање на поединечни привилегии и тоа преку примена на сила, заплашување и воспоставување на криминални врски со државата, нејзините органи и политички структури. Притоа се служи со корупција, изнуда, уцена, заплашување и други недозволени средства. Така зајакнат, транснационалниот организиран криминал ја загрозува безбедноста на некоја поединечна држава, регион и меѓународната заедница, напаѓајќи ги нејзините витални вредности и интереси.

Клучни зборови: криминал, дело, организација, трговија, дрога.

Abstract

Transnational organized crime manifests itself through various forms of criminal activity, seeking appropriate conditions for its survival, expansion and greater presence on an international scale. Its actuality comes to the fore especially in the conditions of economically developed and on the other hand underdeveloped countries, in transition processes through which many countries from Eastern and Central Europe went through and are going through, and globalization as an integration process of international relations that unites the world capital market and technology. Striving to survive and develop, transnational organized crime finds appropriate forms for its own protection and enjoyment of individual privileges through the use of force, intimidation and establishing criminal ties with the state, its organs, political structures. In doing so, corruption, extortion, blackmail, intimidation and other illegal means are used. Thus, strengthened transnational organized crime threatens the security of individual states, regions and the international community, attacking its vital values and interests.

Key words: Crime, act, organization, trafficking, drugs.

Содржина

Вовед 6

1. Организиран криминал, теориско одредување 8

1.1 Појава на организиран криминал низ историјата 8

1.2 Дефиниции за организиран криминал 11

1.3 Карактеристики на организираниот криминал 15

1.4 Видови на организиран криминал 18

1.5 Облици на организирани криминални активности 24

2. Тероризам како закана за безбедноста 33

2.1 Поим и карактеристики на тероризмот 33

2.2 Дефинирање на тероризмот 37

2.2.1 Елементи на тероризмот 38

2.2.2. Карактеристики на тероризмот 42

2.2.3 Организациона структура на терористичките групи 46

2.2.4 Класификација на тероризам 48

2.2.4.1 Класичен (конвенционален) тероризам 50

2.2.4.2 Самоубиствен тероризам 52

2.2.4.3 Наркотероризам 55

2.2.4.4 Сајбер-тероризам 59

2.3 Облици на манифестирање на тероризмот 61

3. Тероризам и организиран криминал 63

3.1 Карактеристики и структура 63

3.2 Modus operandi 65

3.3 Активности 66

3.4 Сличности и разлики помеѓу тероризам и организиран криминал 67

4. Транснационален организиран криминал 71
4.1 Елементи на транснацинален организиран криминал 71
4.2 Видови на транснационален криминал, мерки и активности 74
4.2.1 Перење на пари 74
4.2.2 Трговија со луѓе 77
4.2.2 Рекет 80
4.2.3 Трговија со наркотици 81
4.2.4 Економски криминал 83
4.2.5 Корупција 84
4.3 Сојуз помеѓу транснационален организиран криминал и тероризам 85
4.4 Соработка помеѓу транснационален организиран криминал и тероризам 87
4.5 Симбиоза на организиран криминал и тероризам 89
Заклучок 92
Користена литература 94

Вовед

Современиот свет се одликува со постоење на различни видови на загрозување на безбедноста. Појавите кои ја загрозуваат безбедноста во текот на годините еволуирале од појави со природно потекло, како што се: земјотреси, поплави, пожари и друго, за денес главните закани за безбедноста да станат појавите од техничко-технолошки карактер, односно развојот на нуклеарно оружје, организираниот криминал и тероризам. Тероризмот и организираниот криминал, сами по себе, претставуваат најсериозна закана како на национално, така и на меѓународно ниво. Посебен проблем настанува кога овие две безбедносно-загрозувачки појави, меѓусебно се надополнуваат и се поддржуваат.

Како еден од доминантните видови на загрозување на безбедноста, тероризмот претставува вид на политичко насилство кое се карактеризира предизвикување страв кај населението, слабеење на државната власт и предизвикување недоверба во истата, а сè со цел промовирање на сопствени идеолошки ставови. Со други зборови, тероризмот претставува организирано вршење на насилство кое е насочено кон недолжни цивили заради остварување на цели и прокламирање на идеологијата на терористите.

Од друга страна, организираниот криминал претставува еден од најразвиените и најсофистицирани видови на криминална дејност. Организираниот криминал посебно погодува нестабилни подрачја, односно подрачја во економско општествена транзиција. Ова не значи дека развиените земји се имуни на оваа криминална дејност. Организираниот криминал е толку развиен, така што за него не постојат државни граници.

Овие две појави имаат одредени елементи кои се заеднички, односно имаат одредена поврзаност што се должи на карактеристиките на овие две негативни појави. За извршување на терористички напади и воопшто за терористичката организација, потребни се големи финансиски средства, како и канали преку кои се обезбедуваат најразлични средства кои се потребни за одредена терористичка организација. И покрај тоа што различните видови криминал и нивното владеење во најголема мера е локално, електронските и печатените медиуми ги истакнуваат транснационалните компоненти на тргување со дрога, нелегалната работа, трговијата со луѓе, измамите и тероризмот, а се смета дека местото на дејствата против овие појави е на меѓународните политички пазари,

на регионално и глобално ниво. Нивоата и организирањето на криминални дела во кое било општество се под влијание на контролите, без разлика на тоа колку строго се вршат тие контроли, па така овој едноставен увид е најважниот придонес на меѓудејствувачките перспективи во криминологијата и претставуваат скриена порака за рутинските активности и моделите на превенција на ситуацискиот криминал.

1. Организиран криминал, теориско одредување

1.1 Појава на организиран криминал низ историјата

Изворното значење на изразот организиран криминал, кој најпрво е употребен во Англија на почетокот на 18 век, содржи клучни карактеристики на овој поим кои се својствени и денес. Поединци здружени во банда со противзаконско делување стекнуваат материјална корист во подолг временски период, првенствено затоа што уживаат заштита од престижни поединци од моменталниот режим. Нивното делување не го ограничуваат државните граници (транснационалност) и истото станува невозможно во оној момент кога ќе ја изгубат поддршката на поединечните припадници на системот на политичка власт.

Организираниот криминал, како и останатите облици на криминал, е општествено негативна и санкционирана појава. Покрај тоа, претставува предизвик не само за внатрешната, туку и за глобалната безбедност и се јавува не само како криминалистички, туку и како глобален безбедносен проблем. Затоа загрижува тоа што во науката, но и во пракса, се присутни проблеми за различното сфаќање на организираниот криминал, првенствено неговото појмовно одредување. Тие проблеми произлегуваат не само од големата феноменолошка разновидност на организираниот криминал, туку и од фактот дека повеќето законодавци кои се впуштиле во креирање посебни инкриминации, по правило се впуштале во многу широки дефиниции. Тие дефиниции суштински се сведуваат на *questo facti* во практична примена, односно на соодветна проценка на надлежниот орган. Со анализа на сфаќањата на организираниот криминал, односно неговото појмовно одредување, воочливо е дека тие проблеми се однесуваат на различни теориски пристапи во одреден организиран криминал[1].

За правилно одредување на организираниот криминал, треба да се тргне од општите појави и карактеристики на секое општество, а тоа се: одредување на организираноста, потоа примарното значење на производството и соодветните продукциони односи, поделба на работата, поделеност на граѓаните во групи, слоеви или класи, како и за постоење на општествена свест. Организираноста на секое општество

[1] Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, стр. 115

подразбира регулираност на заедничкиот живот на неговите членови и во тоа е основната разлика помеѓу општеството и хаотичната група луѓе кои, на пример, случајно се наоѓаат заедно на еден простор. Соодветните продукциони односи претставуваат карактеристика на општеството што значи дека барем еден дел од неговите членови произведуваат материјални добра неопходни за опстанок на членовите на општеството. Тоа, покрај другото, опфаќа функционирање и на непроизводните сфери на општеството (здравство, образование, одбрана и слично). Во секое општество евидентна е барем една поделба на работата, која е несомнено и во функција на развој на општеството. На крај, секое општество заради остварување на споменатите и другите одлики, воспоставува системи кои се меѓусебно компатибилни со највисока цел, одржив развој.

Организираниот криминал е една од најсериозните невоени закани на човештвото. Посебно му одговара „климата на сиромашните земји“ и општествено-економската транзиција, осиромашување на државата и слабеење на социјалните програми на општествените слоеви, партиски и политички структури, правосудни органи и органи на државната управа. Во поширока смисла, тоа е облик на криминално делување кое се одликува со постоење на криминални организации и организиран пристап во вршење на кривични дела, со цел стекнување на противправна имотна корист. Во потесна смисла, тоа е облик на организирано криминално делување кај кое се воспоставени врски помеѓу шефовите на криминалните организации и поединци од структурата на државната власт[2].

Очигледно станува збор за делување на разни облици на криминално здружување. Организирана криминална групација или криминална организација е тајно здружение на повеќе лица, кои исполнуваат потребни услови утврдени со пишани или непишани правила со кои се уредува функционирањето на организацијата и се согласуваат на строго почитување на тие услови. Тоа е организација која е основана заради професионално и по правило планско вршење на кривични дела и тоа така што организацијата ќе биде од траен карактер, а со цел континуирано стекнување на имотна корист или моќ, остварување на монопол на одредено подрачје, заснована на хиерархиски принципи и со строга дисциплина на своите членови, по правило и на принципи на специјализација и поделба на работата во вршење на активности. Иако организацијата, по правило, во исто време е

[2] Мијалковиќ, С., Бајагиќ, Г., Организовани кримина и тероризам, Криминалистичко полицијска академија, Београд, 2012, стр.222

вклучена во одредени легални активности, таа е начелно со неидеолошки карактер, со тоа што практикува различни видови насилства, нагласено манифестира подготвеност да ги употреби како во однос на надворешната средина, така и кон членовите кои ги прекршуваат правилата, а посебно настојува со коруптивни методи да оствари директно или индиректно влијание на органите за државна власт заради овозможување или олеснување на сопственото делување и ширење на непосредно или посредно влијание[3].

Организираност на сторителите на поединечни кривични дела во фазата на подготвување и извршување, степен на професионалност и групно криминално делување, секако се карактеристики својствени на современиот криминал. Тешки и сложени кривични дела не можат или можат многу тешко да се извршат поединечно, па затоа е потребно одредено криминално организирање. Организираната криминална дејност ја карактеризира и висок степен на општествена опасност, бруталност на методи и цел која се состои во прибирање на противправна имотна корист, односно во остварување на профит[4].

Станува збор за траен криминален потфат кој рационално се врши заради профит од нелегални активности, а неговото трајно постоење се одржува со користење сила, закани, контрола на монопол и/или корумпирање на јавни службеници. Значи, примарните елементи на организираниот криминал се: постоење на трајна криминална организација, рационално криминално делување, стекнување на профит како крајна цел на криминалното делување и користење сила или закана и присегнување кон корупција заради реализирање на целите и чување на имунитетот од примена на правото.

Организираниот криминал, како негативна општествена појава, користи поволни услови за свое инфилтрирање и вешто се приспособува на конкретна општествено политичка и економска ситуација не само во една земја, туку и на меѓународен план. На многу домашни и меѓународни собири, посветени на организираниот криминал, се расправа за неговата содржина, методите на делување и целите, како и облиците на соработка, стратегиите и методите за спротивставување[5].

---

[3] Шкулиќ, М., Организовани криминалитет, појам и кривичнопроцесни аспекти, Досије, Београд, 2003
[4] Бошковиќ, М., Организовани криминалитет, први део, Полицијска академија, Београд, 1998, стр.3
[5] Бошковиќ, М., Криминалистика методика 2, Полицијска академија, Београд, 2000, стр.335

1.2 Дефиниции за организиран криминал

До сега не е постигнат консензус за поимот организиран криминал, па затоа евидентни се пристапите за неговото одредување. Постојат два доминанти вида на сфаќања на организираниот криминал. Според првото сфаќање, при дефинирање на организираниот криминал, примарен елемент е криминалната организација, односно структурата на криминалната група, додека криминалните активности се секундарни елементи. На пример, во Соединетите Американски Држави организирано е криминално претпријатие со организирана структура, во Германија организираниот криминал се дефинира како „деловна структура“ и слично.

Според второто сфаќање, за постоење на организиран криминал, се дефинира видот на активноста, која ја презема криминалната група. Така, на пример, некои земји (Холандија, Полска, Словенија и други) користат разни дефиниции за организираниот криминал, при што карактеристиките на криминалните активности имаат примарно значење.

Џеј С. Албанесе[6] (Jay Albanese) го дефинира организираниот криминал така што ги зема предвид гледиштата на неколку автори во врска со дефинирање на организираниот криминал, заснован на вклучување на различни 11 аспекти на организираниот криминал. Востановил општо согласување на сите истражувачи кои се занимаваат со проблемот на организиран криминал, фокусирано на неговите четири примарни елементи и смета дека дефиницијата на организиран криминал, заснована на консензус на автори, би требало да гласи: „Организираниот криминал е траен криминален потфат кој рационално се врши заради профит од нелегални активности. Неговото трајно постоење се одржува со користење на сила, закани, контрола на монопол, и/или корумпирање на јавни службеници“.

Хауард Абадински[7] (Howard Abadinsky) организираниот криминал го дефинира како неидеолошко здружение, кое вклучува одреден број на поврзани лица, хиерархиско организирани, со најмалку три нивоа/ранга, заради стекнување профит и моќ за

[6] Albanese, J., The causes of organized crime, Journal of contemporary criminal justice, Thousand Oaks, No.4/2000
[7] Abadinsky, H., Organized crime, Third edition, Nelson Hall, Chicago, 1990, p.5

вклучување во легални и нелегални активности. Позициите во хиерархијата и позициите за функционална специјализација мора да бидат пренесени врз основа на сродство или пријателство, или рационално пренесени со оглед на вештината на оној на кој му се доделува одредена позиција. Постојаноста на членството се подразбира, а членовите сакаат да го зачуваат интегритетот на своето здружение и да ги следат целите на организацијата.

Организацијата избегнува конкуренција и тежнее кон монопол во однос на одредена индустриска гранка, односно на територијална основа. Организацијата употребува насилство или се служи со подмитување заради остварување на своите цели, односно заради обезбедување дисциплина. Членството е со рестриктивен карактер, иако оние кои не членуваат можат да бидат вклучени во активности во исклучителни случаи. Постојат експлицитни правила, вербални или пишани, чија примена цел се обезбедува со закана со одредени санкции, вклучувајќи и убиство.

Мајкл Малц[8] (Michael Maltz), познат криминолог, проблемот со организиран криминал го сфаќа семантички, при што смета дека за поимот организиран криминал карактеристична е неговата организираност, а не конкретното криминално однесување, така што, според него, организиран криминал се нарекува секое однесување кое се однесува на организиран криминал, како поим во генеричка смисла, под што обично се подразбира еден ентитет, група луѓе. Врз основа на наведените основни поставки, организираниот криминал се дефинира како дело кое се состои во кривичното право за забранета трансакција на сторителот и жртвата, при што не е потребно жртвата сама да се смета за виктимизирана. За таквото дело да биде дел од организиран криминал, неопходно е во него да учествуваат повеќе од еден сторител, сторителите да имаат намера да ја задржат својата организација заради понатамошно вршење на кривични дела, додека како средство на извршување се јавува насилство, кражба, подмитување, злоупотреба на економска моќ, договор со жртвата или нејзина соработка. Целта на организираниот криминал е стекнување на моќ, било економска, било политичка, која може да се искаже во неколку појавни облици. Политичката моќ се јавува во два вида, насилно соборување на постоечкиот поредок и незаконитост во кривичниот прогон. Економската моќ се

[8] Maltz, D., On defining organized crime, Crime and delinquency, No.22, p.76

манифестира на три начини, вршење на вообичаени кривични дела, илегален бизнис и легален бизнис.

Методија Ангелески, под поимот организиран криминал подразбира такви групации и начини за извршување на системски и постојани криминални напади во повеќе сфери на општествено-економскиот живот, преку кои поединечни организирани групи на криминални деликвенти, како и членови на криминални организации цврсто поврзани за хиерархиско ниво, со поделени улоги кои се почитуваат безрезервно, остваруваат високи криминални профити, до кои доаѓаат на бескурпулозен начин и со примена на високо професионални деликвентни тактики и техники[9].

Владимир Водинелиќ, под поимот организиран криминал подразбира свесно организирање, со намера да остане трајно, заедничко криминално делување на членството по принцип на конспирација од внатре и од надвор и поделба на работата со широк радиус на операнди и непромислено постапување.

Обединетите нации се обиделе да дојдат до глобално прифатливи детерминанти на организиран криминал во Конвенцијата на Обединетите нации против транснационалниот организиран криминал која е усвоена во Палермо во 2000 година, а која се однесува на тешки кривични дела, корупција, перење пари и попречување на правосудството, под услов да е во прашање транснационално кривично дело по природа и да вклучува организирана криминална група, која според дефиницијата содржана во Конвенцијата (член 2), гласи[10]:

1. Злосторничка организација е организирана група која постои некое време, од најмалку три лица кои делуваат заеднички со цел да сторат едно или повеќе сериозни кривични дела за директно или индиректно да се оствари материјална корист.
2. Тежок облик на кривично дело е активност која претставува кривично дело за кое може да се изрече највисока казна затвор во траење од најмалку четири години или потешка казна и

[9] Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, стр. 118
[10] United Nation Convention against Transnational Organized crime, Palermo, Italy 12-15 December, 2000

3. Организирана група означува група која не е случајно формирана заради непосредно извршување на кривично дело и чии членови не мора да имаат прецизно дефинирани улови, ниту континуитет на членство, ниту развиена организација.

Европската Унија (Europe Union) при одредување на поимот „организиран криминал“ применува четири задолжителни критериуми[11]:

- соработка на најмалку три лица
- на подолг период или во одредено траење
- сомнителните или осудени за извршување на тешки облици на кривични дела
- со цел остварување на корист и/или моќ и

седум факултативни критериуми:

- постоње на конкретни задачи или улоги на секој член
- примена на некој облик на интерна дисциплина или контрола
- примена на сила или други средства за заплашување
- вршење влијанија на политиката, средствата за јавно информирање, јавна управа и агенција за спроведување закони
- користење на комерицијални или деловни структури
- вклученост во перење пари
- делување на меѓународно ниво.

Советот на Европа (Council of Europe) во Препораката на клучните принципи за борба против организираниот криминал, организираниот криминал го дефинира како нелегални активности кои ги изведуваат структурирани групи од три или повеќе членови, кои постојат подолг период и имаат цел која се гледа во спроведување на сериозни криминални активности, преку планирана акција, користење на заплашување, насилство, корупција или други средства заради добивање, директно или индиректно, финансиска или друга материјална корист[12].

[11] Council of the European Union, 6204/97, ENFOPOL 35, Brussels, 21 April 1997
[12] Recommendation Rec (2001) of the Committee of Ministers to Member States concerning guiding principles on the Fight Against organized crime, Council of Europe, 19 September 2001, p.6

Евидентно е дека нема единствена дефиниција на поимот организиран криминал и може да се каже дека има онолку дефиници, колку што има автори кои се занимаваат со нејзино проучување. Според тоа, за потребите на овој труд, организираниот криминал може да се дефинира како современ безбедносен проблем кој подразбира постоење на криминална организација со повеќе од двајца членови, чија основна цел е стекнување профит и одредена моќ, која делува во долг временски период и врши тешки кривични дела, а заради свое опстанување таквата организација користи насилство или некои други средства за заплашување и воспоставува соодветна спрега со државните, политички, економски и финансиски субјекти, било корупциски, уцена, изнуда или на кој било друг начин.

1.3 Карактеристики на организираниот криминал

Доминантите карактеристики на организираниот криминал прават да биде специфичен во однос на останатите облици на криминал. Тоа практично значи дека карактеристиките на криминалот воопшто, се карактеристики и на организираниот криминал, со тоа што постојат одредени специфичности на организираниот криминал, односно неговото манифестирање. Токму тие специфичности, одредени автори ги наведуваат како составни или конститутивни елементи на поимот организиран криминал.

Носителот на секој облик на организиран криминал е човекот и тоа како припадник на некоја организирана криминална група или криминална организација со повисоко ниво на криминално организирање. Тоа значи дека организираниот криминал е условен со постоење на криминален колектив на повеќе луѓа и поединци како непосредни учесници во организирано криминално делување. Организирано, систематско и планско постапување е важен услов за организиран криминал, а крајната криминална цел на организираниот криминал е стекнување и зголемување на профитот, монопол и моќ. Покрај наведените карактеристики на организираниот криминал, забележливо е остварување на влијание од државните органи, поединци и други органи на социјална контрола по пат на корупција, насилство, разни притисоци и на други начини. Од овие одредници на организираниот криминал произлегуваат сите останати карактеристики на организираниот криминал.

Анализата на кривичните дела од организираниот криминал овозможува да се идентификуваат неговите важни карактеристики: организираност во формална смисла, организираност во содржинска смисла, стекнување и зголемување на профитот, монопол и моќ, како и остварување на влијание на државните органи, поединци и други субјекти на социјална контрола.

Организираноста во формална смисла подразбира постоење на криминална организација како носител на организиран криминал и независен и динамичен ентитет, кој претставува одреден вид на општествена структура. Најчеста структура на традиционалната криминална организација е пирамидалниот облик, со три изразени нивоа, раководно ниво на криминалната организација кое го сочинува најмала група на луѓе (а многу често еден човек), која се наоѓа на врвот на криминалната организација, непосредни извршители, припадници на органзиција кои непосредно извршуваат кривични дела и поддршка на криминално делување која претставува дел од криминална организација задолжена за пружање логистика и други облици за поддршка. Криминалните организации поседуваат одредени правила за однесување кои можат да бидат од пишан или непишан карактер. Во овие правила се содржат услови за чување на криминалната организација, како и правата и обврските на нејзините членови, кои ги обврзуваат на нивнот почитување, односно постоење на свест дека кршењето на споменатите правила може да доведе до одредени санкции, вклучувајќи и убиство на прекршителот на одредено правило. Криминалната организација има траен карактер, односно нејзиниот карактер зависи од низа постоечки околности, но таа се основа заради делување во подолг временски период. Суштината е во сложената организациска структура, радиус на делување, широк спектар на криминални активности и силна спрега со поединците од државните органи[13].

Најважна карактеристика на криминалните организации е нивната хиерархиска организација. Криминалната организација може да биде поставена на различни начини. Во принцип се карактеризира со вертикална структура, така што криминалци од понизок, па дури и среден ранг немаат непосреден контакт со главните организатори, а најчесто и не

[13] Симоновиќ, Б., Криминалистика, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Источно Сарајево, 2010, стр.652

знаат за нив. Секоја криминална организација се карактеризира со внатрешен систем на вредности, дисциплина, постоење контрола во криминална организација, искажување меѓусебна лојалност и грижа, како и грижа за нивното семејство.

Организираноста во содржинска смисла подразбира организирано криминално делување, односно организирано, планско и систематско вршење на кривични дела кои имаат обележја на организиран криминал. Организираната криминална дејност ја карактеризира систематско, планстко и долготрајно вршење на кривични дела. Во тој контекст организираниот криминал делува како долготраен потфат кој рационално се врши заради остварување профит, се гледа во распонот на различни криминални активности кои тежнеат кон услуги за кои постои голема побарувачка кај јавноста, но од нелегален карактер[14].

Она што ги разликува криминалните организации од поединечното вршење на кривично дело е одреден степен на организираност кој се гледа во планирање на извршување кривични дела, поделеност на задачи, во раководење со целокупната криминална дејност од страна на содветниот шеф, а колку и кој од овие начини ќе бидат исполнети, зависи, пред сè, од цврстината и хиерархиската поставеност на секоја криминална организација.

Програмската платформа на организираниот криминал претежно е насочена кон остварување профит, економски монопол и економска моќ, со минимални ризици, како и кон дополнителна легализација на стекнатиот профит, монопол и моќ. Остварувањето профит претставува појдовна цел на криминалната организација, кој подоцна прераснува во зголемување на тој профит. Постепено, со остварувањето на оваа цел, криминалната организација го стекнува и потребниот економски монопол, што понатаму претставува појдвна основа за стекнување економска моќ. Монополот може да биде насочен кон одредување територија, вид на криминални, но и некриминални дејности.

Организираниот криминал исклучително лесно се приспособува кон актуелните општество-политички и економски услови и манифестира подготвеност да ги искористи сите недореченост во правната регулатива, како и сите други поволни услови во

[14] Albanese, J., Organized crime in our times, Andernon Publishing Co. Cincinnati, 2004, pp.4-5

економската и вонекономската дејност и други области во општствениот живот. Покрај наведените карактеристики на организираниот криминал, постојат и низа други негови карактеристики. Но, реално е да се очекува и појава на нови карактеристики на организираниот криминал во иднина.

1.4 Видови на организиран криминал

Типологијата на организираниот криминал е сложено и важно прашање, а зависи од разни критериуми за негова поделба. Како критериуми за поделба на организираниот криминал можат да се користат критериумите за класификација на криминалот воопшто. Така, класификацијата на кривични дела и сторители, може да биде законска, општествено амбиентална, психолошко мотивациона и клиничка.

Американскиот криминолог Конклин (John E. Conklin) зборува за четири основни видови криминал:

- Конвенционален криминал
- Криминал со „бела јака“
- Организиран криминал
- Консензуален криминал.

Конвенционалниот криминал се дели на две основни категории:

- Насилнички криминал (злосторства против личноста) и
- Имотен криминал (злосторства против имотот).

Криминалот со бела јака е својствен за посебна категорија на лица кои уживаат престижен и висок општествен статус, а кривични дела вршат во рамките на занимањата кои ги вршат. Основни типови на криминал со бела јака се:

- Злосторства од страна на претприемач
- Злосторства од страна на вработени
- Злосторства од страна на државни службеници
- Злосторства од страна на разни професии (правници, лекари и слично).

Организираниот криминал е посебен вид на криминал поради штетата која ја нанесува на економијата и општеството во кое постои. Консензуалниот криминал ги подразбира оние облици на криминал во кои нема жртви во вистинска смисла на зборот, туку оштетената страна е согласна со кривичното дело. Во таа категорија се вбројуваат кривичните дела во врска со дрога, коцкање и проституција[15].


Прашањето за класификација на организираните криминални групи е многу сложено. Структурата на различни криминални групи претставува суштински критериум врз чија основа се врши нивна типологизација.

Резултатите од проектот кој го спровел Центарот за меѓународна превенција на криминал на Обединетите нации, зборуваат дека сите транснационални организирани криминални групи, и покрај разновидноста, може да се сведат во пет групи, при што главен критериум е нивната внатрешна структура. Врз основа на ова истражување, можат да се идентификуваат следниве типологии[16]:

- Стандардна хиерархија
- Регионална хиерархија
- Групна хиерархија
- Јадрена хиерархија и
- Криминална мрежа.

Стандардна хиерархија претставува самостојна хиерархиска група со силен интерен систем на дисциплина. Се карактеризира со еден водач и релативно јасно дефинирана хиерархија. Системите за интерна дисциплина се стрикни. Во нив можат да се најдат јаки социјални или етнички идентитети, иако тоа не е секогаш така. Постои релативно јасна поделба на задачи и често некој облик на интерен кодекс на однесување, иако тоа може да биде имолицисно и неофицијално забележано.

[15] Concklin, J., Criminology (Nine edition), Pearson Education, Inc.2007, pp.49-78
[16] Стајиќ, Љ., Мијалковиќ, С., Безбедносни аспекти транснационалног организованог криминала, Зборник радова, Факултет цивилне одбране, Београд, 2004, стр.52




Слика 1: Стандардна хиерархија

Големината на групата може да варира од релативно мал број, до неколку стотина членови. Во повеќето случаи, стандардната величина би била од 10 до 50 членови. Склоноста кон корупција со цел олеснување на примарните активности на групата е многу изразена. Претставниците на криминални групи од ваков вид се кинеските и источноевропски групи од Русија, Бугарија, Литванија и Украина.

Регионална хиерархија е хиерархиски структурирана група со силни внатрешни нивоа на контрола и дисциплина, но со релативна автономија кога станува збор за регионалните компоненти. Тоа ниво на автономија варира, но обично е ограничено со менаџмент на центарот кој секојдневно варира. Структурата на контролата во центарот често се копира на регионално ниво. Групите со регионална хиерархија со оглед на нивната географска дистрибуција, генерално имаат релативно голем број членови и соработници. Групите често имаат силен социјален или етнички идентитет.

Претставниците на оваа типологија се транснационални организирани групи од Азија, Австралија и Италија. Важно е да се нагласи дека со оглед на нивната регионална раширеност, овие групи лесно се ангажираат во повеќе криминални активности.




Слика 2: Регионална хиерархија

Во групната хиерархија, станува збор за здружување на организирани криминални групи на чие чело се наоѓа некое управувачко или надзорно тело. Во рамките на оваа структура, групите можат да имаат различна организација, но обично станува збор за здруженија со стандарден тип на хиерархија. Уредувањето кое важи за групата може да оди од флексибилна структура на видот „чадор“, па сè до постоење на некое построго контролно тело. Групната хиерархија обично настанува кога голем број поединечни криминални групи ќе почнат да делат одреден пазар или ќе решаваат меѓусебни судири.

Со оглед на тоа што групните хиерархии се состојат од различни криминални организации или банди, процесот на нивното формирање е под силно влијание на одреден број фактори поврзани за даден општествен котекст и процес во кој се манифестираат тие кохезивни врски. Важно е да се истакне дека, без оглед на тоа што моделот на групна хиерархија се состои од неколку криминални ентитети, и нивното членство и луѓето од надвор ги сметаат за единствени криминални групи со различни компоненти.


Тоа е клучно барање на оваа типологија. Во таа смисла, серијата групи кои ги координираат своите активности нема да се сметаат за групна хиерархија ако тие групи сами по себе се сметаат за делови на целосно раздвоени криминални ентитети, кои често меѓусебно се натпреварувале додека се обидувале да ги координираат своите активности.



Слика 3: Групна хиерархија


Криминалните групи во рамките на јадрена хиерархија обично се состојат од ограничен број луѓе кои образуваат една релативно цврста и структурирана група за спроведување на криминални операции. Околу таа група која го сочинува јадрото, може да постои голем број придружни членови или една мрежа која се користи повремено, во зависност од конкретните криминални активности. Групите кои се наоѓаат во јадрото обично се сосема мали (околу 20 луѓе и помалку) и полесно се ангажираат во поединечни или здружени криминални активности.

Интерната дисциплина се одржува благодарение на мал број членови на групата и употребата на насилство, иако второто не е толку изразено како во стандардната хиерархија. Групите кои се наоѓаат во јадрото обично имаат слаб или никаков социјален идентитет и нивната струтура и функционирање во целост се подредени на интересите на мал број луѓе кои се одговорни за нив. Такви групи често немаат име, ниту за своите членови ниту за надворешните соработници. Како во случајот на структуирана хиерархија, типологијата на јадрена хиерархија е веројатно еден од најчестите организирани облици.



Слика 4: Јадрена хиерархија

Криминалните мрежи се дефинираат преку активностите на клучни поединци, кои во нелегалните активности често склучуваат променливи сојузи. Таквите поединци себе може да не се сметаат за припадници на некоја криминална група, ниту мислат дека луѓето од страна ги гледаат како такви. Сепак, тие се собираат околу серија криминални проекти. Природата и успехот во криминалните активности на тие мрежи тешко се одредуваат врз основа на индивидуалните карактеристики и способности на оние кои фигурираат како нивни составни делови. Мрежите обично се состојат од онолку членови колку е потребно за релативно лесно раководење, иако во многу случаи, различните компоненти на мрежата можат и да не соработуваат блиску, но да бидат поврзани со посредство на некоја трета личност или повеќе други луѓе. Личната опасност и врска се од суштинско значење за чување на мрежата и клучна детерминанта на меѓусебни односи. Различни луѓе во мрежата немаат исто значење и мрежата обично се формира околу клучните поединци, со чие посредство се одвива најголем дел од активностите на мрежата.



Слика 5: Криминална мрежа

Приспособливоста на организираниот криминал на постоечките активности е основа за нивно одржување и развој. Неговата динамичност најлесно се воочува преку промена во структурата на современите организирани криминални групи. Со оглед на тоа што внатрешната структура на организираните криминални групи е главен критериум за нивна типологија, може да се очекуваат и нивни нови типови на организирања во иднина.

1.5 Облици на организирани криминални активности

Активностите на криминалните групи и организации опфаќаат пружање на незаконски услуги, пружање незаконска стока и вложување во легални работи. Пружањето незаконски услуги се состои во овозможување на уживање во одредени недозволени, односно забранети услуги. Оваа дејност обично опфаќа лихварство, коцкање и проституција. Пружање незаконска стока е категорија на организиран криминал која се состои во нудење производи кои не можат да се добијат на легален начин.

Нелегалната трговија со дрога е една од најзастапените криминални активности, но можат да се наведат и други добра за кои постои голема побарувачка, а не можат да се набаваат на легален начин (оружје, муниција, автомобили, стерео опрема, софтвери или кој било друг производ за кој постои голема побарувачка). Третата категорија на организиран криминал е вложување во легално работење (градежништво, комуникации и друго), кога организирани криминални групи настојуваат нелегално стекнати пари да вложат во легален бизнис. Регистрирањето и разгледувањето на организираниот криминал и облиците на негово манифестирање треба да се темелат на безбедносниот аспект на поимот организиран криминал, чија суштина претставува соработка на организирани криминални колективитети со поедицни од системот на политичка власт.

Идентификацијата на постоечките облици на организиран криминал подразбира доследно уважување на значењето на поимот безбедност во контекст на националната безбедност. Потребно е да се востанови кои вредности и интереси на државата ги напаѓаат организираните криминалци и прецизно да се разграничат непосредната и посредната жртва на нивно агресивно делување и штетните последици кои се предизвикуваат кај споменатите жртви.

Споменатите факти за организираниот криминал ограничувачки влијаат на квалитетот на идентификација на облиците на негово манифестирање. Последица е дека во теоријата на безбедност се евидентни многу различни пристапи во регистрирање на облиците на организиран криминал[17]. Постојат различни критериуми за идентификација на облиците на организиран криминал. Според тоа, некои од облиците на манифестирање на организираниот криминал се: неовластено производство и промет на опојни дроги, криумчарење на оружје и муниција, криумчарење и илегална трговија со културни добра, криумчарење и илегално внесување радиоактивен отпад и други опасни материи, криумчарење и недозволено тргување со друга вредна стока, трговија со луѓе заради вршење проституција, трговија со деца, трговија со човечки органи, злоупотреба на службена положба, злоупотреба на овластувања во економијата, организирани облици на фалсификување пари во оптек, перење пари, фалсификување на кредитни картички за безготовинско плаќање, фалсификување на лични документи, коруптивни кривични дела, организиран насилнички криминал, организиран високотехнолошки криминал, организирано коцкање, злоупотреба на авторски права, организирана кражба на моторни возила и незаконски активности во областа на експлоатација на природни ресурси.

Криумчарењето и илегалната трговија со дрога и понатаму е еден од главните извори на приходи од организираниот криминал, при што треба да се има предвид и фактот дека многу терористички организации се финансираат од приходи добиени од криумчарење дрога и психотропни супстанции. Сите учесници во синџирот на криумчарење и илегална трговија со дрога остваруваат голема заработка, така што е невозможно да се процени колкава е заработката која се остварува од дрога во светски размери. Последицата на оваа криминална дејност се гледа во перењето пари заработени со криминал, кој кога добива легална форма, уште повеќе ја јакне финансиската моќ на криминалната организација, а од друга страна, негативно влијае на економските и финансиските текови во рамките на една држава и на меѓународен план.

[17] Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, стр. 140-141

Во светот и кај нас постојат различни мислења за содржината на поимот дрога. Под дроги кои може да предизвикаат зависност се подразбираат дроги кои влегуваат во меѓудејство со живи организми, предизвикувајќи состојба на психичка или физичка зависност, или и едно и друго. Организираниот криминал постојано се развива и ги проширува дејностите на криумчарење со дрога, како територијално, така и во однос на поединечен вид на дрога. Затоа оваа дејност има изразен степен на општествена опасност кој посебно се гледа во спрегата со останатите криминални дејности со кои се загрозува легитимната економија, стабилност и безбедност на државата и здравјето на луѓето, вклучувајќи и други видови негативни дејства во останатите сфери на општествениот живот.

Криумчарење на оружје и муниција главно вршат криминални групи на начин кој е својствен на организираниот криминал. Покрај организирани криминални групи, како носители на овај облик на организиран криминал, може да се појават и различни трговски организации и компании, па и самите држави. Криумчарење главно се врши со транспорт на оружје по патен и морски сообраќај, иако е можно во поединечни случаи и криумчарење на оружје по воздушен сообраќај.

Криумчарење и илегално внесување на нуклеарен материјал, радиоактивен отпад и други опасни материи е дејност на организираниот криминал која е посебно опасна поради опасните својства на самите материи. Посебна опасност претставува можноста на поврзување на организирани криминални групи и терористички организации во криумчарење на наведените материи, што на криминалните организации им носи профит, а на терористичките организации оружје за масовно уништување кое можат да го употребат во терористички цели.

Нуклеарните кражби се многу посериозен проблем отколку што обично се претставуваат, додека во многу случаи се криумчарат медицински радиоактивни изотопи или други извори на радиоактивност[18]. Трговијата со човечки суштества е глобален феномен кој ги погодува државите во политичка и економска транзиција или постконлфиктен стрес, кои најчесто се појдовни земји за трговија со луѓе. Овој феномен

[18] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010

ги погодува и економски развиените земји, кои главно се земји дестинација, како и земји транзит на жртвите од трговија со луѓе. Трговијата со луше денес претставува важно транснационално, регионално и национално прашање. Се проценува дека секоја година во светот помеѓу еден и два милиони луѓе се предмет на тровија и повеќето од нив се жени и деца.

Во седумдесеттите и осумдесеттите години, западноевропските земји биле земји на дестинација на трговците кои доведувале жени и мажи главно од Азија и Латинска Америка, но ситуацијата се променила по распадот на комунистичкиот режим во раните деведесетти. Бројот на продадени жени од бившиот Советски Сојуз и Африка бил во пораст, многу повеќе од азиските земји, од каде обично доаѓаат жртвите на трговија со жени. Сè поголем број жени од источноевропските земји стануваат главна група на „пазарот за трговија со луѓе“ во западна Европа, како и во областа на централна и југоисточна Европа.

Трговијата со луѓе е голема гранка на организираниот криминал со која се остварува голема финансиска корист со мал ризик, користејќи слабо контролирани грници, недоволна ефикасноста на силите за спроведување на законот, легислативен вакуум и високо ниво на корупција за остварување на криминални цели.

Криумчарење и илегална трговија со културни добра, подразбира илегално пренесување предмети преку државните граници кои поради свои научни, технички или други културни вредности имаат посебно значење за одредена општествена заедница.

Една од популарните тези во врска со организираниот криминал е онаа со која се тврди дека илегалната трговија со уметнички дела е трет по ред облик на илегална трговија, веднаш после трговијата со дрога и оружје. Иако разни експерти тврдат дека илегалниот промет со културни добра е вреден приближно милијарда и пол евра годишно, таа полуинформација повеќе е резултат на паушални проценки. Дури и самиот Интерпол, на кој често се повикуваат експертите, признава дека е невозможно да се дојде до точни информации за годишниот промет на овој пазар. Со оглед на сето тоа, никој и не се сомнева дека илегалната трговија со уметнички предмети е исклучителна работа. Илегалното прибирање и трговија со културни добра претставува еден од најпрофитабилните видови на организиран криминал во светот и кај нас.

Огромниот профит кој го стекнуваат криминалните структури секоја година на илегалниот пазар, пружа широки можности за усовршување на методот на прикривање на вршење на кривични дела или избегнување санкции, дури и корумпирање на поединечни јавни функционери и службеници. Организираниот криминал со својата дејност остварува огромна противзаконска корист, па се јавува потреба криминално заработените пари да се легализираат, односно да се вклучат во легални финансиски текови, со што се оневозможува утврдување на потеклото на илегално стекнатите пари. Перењето пари е значајна дејност на организираниот криминал, без оглед на кој начин се стекнати илегалните пари. И корупцијата е тесно поврзана со нив, бидејќи организираниот криминал се служи со корумпирање за да успее да испере пари заработени со криминал.

Тоа е појава која е постојан следбеник на сивата економија, корупција, организиран криминал и други облици на криминал од областа на економски, општ и еколошки криминал. Перењето пари е процес со кој криминалците се обидуваат да го прикријат вистинското потекло и сопственост над имот кој е стекнат со криминални активности. Фалсификување пари и ставање фалсификувани пари во оптек се многу честа дејност на организираниот криминал. Фалсификуваните пари се користат за плаќање на многу услуги и обврски, за купување дрога, оружје и муниција, културни добра и други видови стоки, за корумпирање, за плаќање споредни дејности на лица кои не се членови на криминалната организација, како и за купување потребни работи, опрема, техника, како и за други потреби на криминалната организација. Фалсификуваните пари се користат и за плаќање на други криминални организации во нивниот купопродажен однос.

Корупцијата е исклучително опасен вид на криминал и постои во сите земји во светот. Таа претставува динамична негативна општествена појава која брзо се приспособува на постоечките политички и економски услови. Корупцијата се карактеризира со прикриеност, променливост, висок степен на општествена опасност, голем број појавни облици, широка распространетост, тешко докажување во кривично-процесна смисла на перфидност на сторителите.

Корупцијата е неизбежен следбеник и предвидлив производ на ширењето непазарни, односно на административни и бирократски механизми, кои својата моќ и функционални карактеристики ги црпи од државата. Многу глобални фактори ја

забрзуваат корупцијата правејќи ја закономерна последица на лоша организација на државата, непостоење вистинска демократија, непостоење права на слобода на медиумите, непостоење контролни механизми на корупција. Корупцијата нанесува голема штета на државата и вкупната состојба во општеството. Таа во суштина ја зголемува цената на услугите, насочува инвестиции во погрешна насока, го кочи развојот и ги обезвреднува уставните одредби за еднаквост на луѓето и владеење на правото[19].

Организираниот криминал прибегнува и кон вршење насилство. Насилничкиот криминал опфаќа дела кај кои се работи на постигнување на одредена цел, со напад на животот и телото или се заканува со него. Она што е важно за разгледување на организираниот криминал е дека од содржината на наведените дефиниции се гледа дека под насилнички криминал, според начинот на извршување, може да се подразбираат поединечни кривични дела против животот и телото, против имотот и против слободата и правото на човекот и граѓанинот. Во широка смисла тоа може да бидат сите кривични дела во чиј начин на извршување се применува сила или сериозна закана, но со организираниот криминал најчесто можат да се доведат во врска поединечни кривични дела со кои се загрозува личната и имотна сигурност на граѓаните.

Организираниот криминал може да делува исклучиво во област на насилнички криминал кој претставува извор на приходи и со кој се обезбедува заштита. Може да се занимава и со насилнички криминал, како дополителен извор на приходи, а може да користи насилнички криминал како средство за успешно усовршување на основните дејности кои носат незаконска добивка. Но, не треба да се заборави тоа дека насилничкиот криминал по пат на сила и заплашување, може да биде ефикасно средство за заштита на илегални дејности на организираниот криминал[20].

Компјутерскиот криминал е сè позастапен, добива нова форма и претставува сè поголема опасност, посебно преку облици на организирано криминално делување, бидејќи токму информационата технологија во целост одговара за остварување на сопствените цели. Токму поради тоа што пружа низа погодности во вид на разни криминални манипулации, организираниот криминал сè повеќе користи и компјутер за реализација на

[19] Игњатовиќ, Ќ, Криминалистички аспекти деликта насиља, Деликт насиља, Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Београд, 2002, стр. 264
[20] Бошковиќ, М., Организовани криминалитет, први део, Полицијска академија, Београд 1998, стр.190-191

многу свои работи, бидејќи тоа овозможува работа од едно место, како во национални, така и во меѓународни рамки. Некои од заедничките карактеристики на организираниот и компјутерскиот криминал се: цврста организираност и строги хиерархиски односи меѓу сторителите на овие кривични дела, користење на софистицирана технологија, глобален карактер на појавување, се појавуваат во различни области на животот, кривичните дела со компјутерски и организиран криминал многу тешко се откриваат и докажуваат.

Поединечни облици на организиран криминал можат да се манифестираат и во организирано коцкање. Кривичните дела со елементи на измама, исклучително софистицирани и иновирани модалитети за нивно вршење, денес се во експанзија. Едно е нив е и специфичниот вид измама, кој во кривичната и криминолошката литература најчесто се нарекува пирамидална измама. Со нив е инкриминирано организирањето на игри на среќа по пат на прогресивно намамување ученици во играта или т.н. „пирамида на среќа“, при што од вложените средства се очекува добивка, а на учесниците им се ветува имотна корист под услов тие или други лица под исти услови да придобијат други учесници.

Посебно загрижуваат случаите на организирано коцкање кои се поврзани со висока технологија, што во литературата се нарекува коцкање по пат на интернет, како и неговите појдовни облици, како што се: онлајн коцкарници, онлајн спортски кладилници и друго. Такво организирано коцкање е значајна криминална дејност со милионски профит кој го остваруваат големите криминални организации, пред сè, од транснационален карактер. Коцкањето претставува организирана криминална дејност во оној момент кога криминалните групи организираат различни облици на коцкање, користејќи познати методи, како што се: отворање на коцкарница, отстранување на конкуренцијата, закуп на коцкарски машини и нивно изнајмување, учество во распределба на приходи остварени со организирано коцкање и друго.

Злоупотребата на авторски права е една од дејностите на организираниот криминал. Секако, не може секоја злоупотреба на авторски права да се означи како дејност на организиран криминал, но оние кои се, претставуваат значаен извор на приходи за криминалните организации. Едно од основните права на авторите е нивното право да бидат признаени како автори на своето дело. Во тој контекст е насочена и злоупотребата на

авторските права. На тој начин може да се нарушуваат, како моралните, така и имотно-правните права на авторите и правата на уметникот, потоа правата на производителите на звучни снимки и правата во врска со радиодифузни емисии, односно права на овластени дистрибутери енкриптирани со сателитски сигнали.

Моралните авторски права се неотуѓиви и непреносиви и содржински опфаќаат:

- право на објавување дело;
- право на повлекување дела од промет;
- право на признавање авторство;
- право на признавање на целост на делото и право на чест и углед на автори.

Имотните авторски права, по правило, се исклучиво право на авторите на истакнување на своето авторско дело на кој било начин, право на осигурување на авторите и другите носители на авторски права од искористување на дела. Со закон се предвидени исклучоци, како што се случаи за лична употреба на делата или користење на делата заради задоволување на одредени јавни интереси, како што се: интереси на наставата, развивање на науката и уметноста, известување на јавноста и слично[21].

Организираната кражба на моторни возила е вид на организиран криминал која е во постојан пораст во земјите на Европската Унија. До оваа експанзија доведоа политичките промени кои се случија во Европската Унија, а кои пред сè, се однесуваат на укинување на контролата на граничните премини помеѓу земјите на Европската Унија, што овозможи слободно движење на возила од еден на друг крај на Европската Унија. Организираната кражба на моторни возила е исклучително профитабилен вид криминал, кој го следи високо ниво на организираност и многу често транснационален карактер.

Организираните криминални групи кои се занимаваат со кражба на моторни возила имаат развиен *modus operandi* на своите активности, кои ги карактеризира специјализација, односно поделба во самите криминални организации од страна на повеќе различни криминални организации. Така, поединечни криминални организации исклучиво се занимаваат со гражба на моторни возила, други со изработка на фалсификувани документи

[21] Henneberg, I., Autorsko pravo, Informator, Zagreb, 1996, 89-106

или преработка на украдени моторни возила, трети обезбедуваат курири за транспорт на украдени моторни возила и слично.

Организираните криминални групи најчесто прибегнуваат кон наведените облици на криминал, но не треба да се занемари фактот дека со развојот на технологијата, тие пронаоѓаат нови и ги усовршуваат постоечките начини на делување, па може да се очекува појава на нови облици на организирани криминални активности.

,

.

2. Тероризам како закана за безбедноста

2.1 Поим и карактеристики на тероризмот

Не постои општоприфатена дефиниција за тероризам. Етимолошки, зборот тероризам потекнува од латинскиот збор *terror*, што значи ужас, страв, трепет, владеење со заплашување. Повеќето луѓе немаат јасна претстава за тоа што е тероризам, туку им е потребна прецизна и конкретна дефиниција на овој збор. Оваа непрецизност со еден дел ја поттикнуваат медиумите, чии напори да пренесат често сложени пораки во најкратко време, доведува до етикетирање на цела низа насилни акти како тероризам[22].

Поединечни теоретичари сметаат дека тероризмот настанал во исто време кога и класното општество, односно државата како институција за заштита на интересите на владеачката класа. Други го поврзуваат со Блискиот Исток и појавата на верско-политички секти зелоти, во антички Ерусалим, односно за појавата на муслиманската секта исламисти во раниот феудализам. Но, повеќето автори во генезата на тероризмот тргнуваат од Француската буржоаска револуција, поточно од Јакобинската диктатура.

Дури по Втората светска војна, тероризмот почнал да доминира во однос на останатите сложени облици на политичко насилство, а во последните три децении стана и глобално меѓународно зло, посебно на Блискиот и Средниот Исток, Латинска Америка и Европа[23]. Имало повеќе обиди, поради исклучително општествената опасност, тероризмот да се прогласи за меѓународно кривично дело, за на тој начин да се обезбеди редовно екстрадирање, гонење и казнување на неговите извршители. Друштвото на народите уште во 1937 година ја донело Конвенцијата за спречување и сузбивање на тероризам, а настојувањата на САД од 1972 и 1977 година, Организацијата на обединетите нации да поведе иницијатива за склучување единствен светски договор за сузбивање терористички активности кон кој би пристапиле сите земји, не ги дале очекуваните резултати.

[22] Hofman, B., Unitrasnji terorizam, Narodna knjiga alfa, Beograd, 2000, str.9
[23] Милошевиќ, М., Одбрана од тероризма, Свет књиге, Београд 2005, стр.5

Тероризмот како еден од облиците на политичко насилство претставува широко и комплексно прашање и бара мултидисциплинарен пристап во неговото целосно согледување и научно изучување. Поимот тероризам мора да се разгледува од повеќе аспекти, пред сè, од правен, политички, социолошки, психолошки и други, што значи, за да се сфати и разбере овој феномен на денешницата, во неговото проучуваање мора да се вклучат скоро сите општествени науки. Поради ескалација на тероризмот во последните години, поради бројот на невини жртви, разорните последици кои ги предизвикува во меѓународните односи, тероризмот сè повеќе станува предмет на интерес на научниците и стручните лица од таа област кои настојуваат да го дефинираат овој феномен.

Криминолошкото проучување на тероризмот како општествена појава, ретко и главно се сведува на третирање на киднапирање авион, како меѓународен терористички акт. Кривично-правната теорија го разгледува тероризмот така што под тероризам се подразбират повеќе кривични дела кои прават едно кривично дело тероризам.

Проблемот при дефинирање на тероризмот со децении претставува несогласување помеѓу државите, па дури ни денес нема заеднички став околу ова прашање. Сегашното проучување на тероризмот произлегува од две наметнати доминантни сфаќања на тероризмот во светот од страна на западните научници и официјалните ставови, од каде произлегуваат и првите дефиниции на тероризмот. Првото сфаќање произлегува од државноцентричниот модел на светот, врз основа на темелни надворешно-политички определувања санкционирани со меѓународниот поредок и меѓународното право. Во овој модел главно се размислува за тероризам и се анализира неговата феноменологија. Другото сфаќање тргнува од тероризмот како облик на современо војување, сурогат за вооружени судири, а посебно е доминантно во САД.

Од голема важност е појмовното разграничување на поимите терор и тероризам. Под поимот терор, во политичка смисла, се подразбира акција на насилство која се презема во политички цели. Терор претставува вид на организирана власт, која стравот го претвора во неразделен дел од секојдневниот живот на најшироките слоеви на граѓани.

Секако, важно е да се наведат заедничките карактеристики на поимите терор и тероризам, а тоа се[24]:

- Прва, остварување на политичките цели (освојување или одржување на власта);
- Втора, двојна мета (жртва на насилство и примател на закана);
- Трета, примена на физичко насилство кон избрани жртви;
- Четврта, предизвикување страв како најважен производ.

Покрај сличностите на поимите тероризам и терор, кои се очигледни, појдовен критериум за нивно разликуваање е односот на извршено насилство и власт. Терор е вршење на насилство во процесот на спроведување моќ со цел одржување на власт, додека тероризам е вршење насилство против некоја или нечија власт. Од овде следува и разликувањето на поимите терор и тероризам според нивната легалност. Терор кој го спроведува некоја власт секогаш е легално насилство, додека терор од терористи е секогаш нелегално насилство.

Во современо општество, а посебно во она со повеќепартиски систем, потребен е нов правец во рамките на истражувањата на политичкиот систем, правец кој ќе се вклучи во проучување на длабинските димензии на тероризмот, бидејќи современите терористички активности се применуваат брзо, во најголема тајност, а се изведуваат стручно, со адекватни средства, со максимално изненадување за државата. Како што војната е продолжение на политиката со други средства, така денес тероризмот е продолжена рака на политиката која се води со нелегални средства.

Изгледа дека денешната политичка мисла, со недоследен манипулативен хуманизам, е само потврда дека атакот на човекот е скоро универзална стварност. „Бидејќи човекот го убил Бог, сега треба да се убие човекот[25]“. Терористичките активности се многу сложени и уште не се доволно разјаснети, посебно кога станува збор за нивните носители и воопшто причините за постоење на современ тероризам. Цивилизацијата е загрозена од непредвидливиот пораст на бројот на терористички организации во светот, поради кои турбулентната состојба може да зафати широки светски пространства. На тоа придонесува

[24] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.67
[25] Дуфрен, М., За човека, Нолит, Београд, 1972, стр.340

несериозното сфаќање на опасноста од тероризам и примена на двојни стандарди од страна на некои големи сили.

Кога станува збор за антитеристичките активности, тие денес се многу ограничени, бидејќи огромната енергија и огромните средства се насочуваат кон санирање на последиците, наместо на спречување на причините за појава на тероризам. Кога станува збор за методите за борба на големите сили, доминантно е користењето на сили и експанзија на воен фактор, а во друг план е разгледување на изворот на тероризмот и мотивот за делување на терористичките организации ширум светот.

Сигурно е дека тероризмот не може да се искорени со користење само на воена сила, туку со менување на вкупните општествени односи, со развој на демократија и едуцирање на целото општество, кога станува збор за тој проблем. Сериозната борба против тероризмот условува да имаме еден однос кон секој облик на тероризам. Тероризмот не смее да се дели на мал и голем, наш или нивен, секој тероризам претставува чума, против која Обединетите нации, големите сили и сите останати, мора да покренат вистинска, истрајна и конкретна антитеристичка активност. Со изградба на праведни економски односи во светот и спречување на понатамошно продлабочување на економските разлики помеѓу богатите и сиромашните, се афирмираат и основните принципи за борба против тероризмот и други видови насилства.

Државата мора да ја елиминира секоја поддршка на терористичките активности, таа не смее да соработува со терористите, ниту да ги поттикнува, мотивира или насочува на акција, без оглед на какви било интереси. Праксата мора да го потврди правилото дека борбата против тероризам е легитимна, дека тоа без исклучок е легитимно право на сите земји, и големи и мали. Под одредени услови во духот на женевското право, тероризмот може да биде и воено злосторство. Станува збор за ситуации кога се врши против цивили кои имаат статус на заштитени лица, без оглед на тоа дали ги вршат оружени сили на завојуваните страни, против лица кои можат да се најдат на територијата на завојуваните страни , или на окупираната територија во меѓународни вооружени судири, односно против цивилни лица или лица кои престанале да учествуваат во внатрешни вооружени судири.

Стручните лица за тероризмот и државите кои се борат против тероризам, се согласни за оценатa дека ќе биде многу тешко да се одреди дефиниција за тероризам која би ја признале сите земји во светот, но исто така се согласни во тоа дека без неа не може да се води успешна интернационална борба против тероризмот. Тероризмот повеќе не е локален проблем или проблем на поединечна држава, тој денес е интернационален феномен, па поради тоа и договорот на тероризмот мора заеднички да го усогласат сите земји во светот, што денес е невозможно. Но, без одговор на прашањето што е тероризам, не може да се поведе успешна борба против терористичките организации и нивните помагачи, не може да се бара одговорност на државите кои ги поддржуваат, ниту може да се донесат меѓународни договори чие непостоење до сега покажало бројни отежнувачки околности во борбата против тероризмот.

2.2 Дефинирање на тероризмот

Современата наука вложува големи напори да понуди општоприфатлива дефиниција за тероризмот. Но, покрај тоа што тероризмот е вистинска чума на современата цивилизација, политиката на многу моќни држави го одложува или избегнува дефинирањето на современиот тероризам. Во прашање се двојни стандарди, кога некои држави го користат тероризмот, односно планираат да предизвикаат судири и нестабилност во регионите без ангажирање на сопствените воени сили. Со проучување на овој најзначаен вид на насилство, се доаѓа до сознанија дека проблемот со тероризмот бил навистина еден од клучните проблеми на XX век, развивајќи се на основите на отуѓеност на поединци и групи, национални судири, тензии, злоупотреба на власт во земји под власт на диктатори и нефункционални правни држави.

Тероризмот претставува примена или закана со примена на насилство заради влевање страв. Институционалните или административни дефиниции на тероризмот се оние дефиниции кои се производ на одредени државни или меѓународни институции, со кои се нормираат и инкриминираат одредени општествени феномени кои се означуваат како тероризам. Добрата страна на овие дефиниции е што тие претставуваат ориентир за органите и службите за безбедност во борбата против тероризам. Овие дефиниции најчесто се содржат во кривично-правните закони и национални стратегии или конвенции,

резолуции, декларации и препораки, ако нивните автори се некои меѓународни авторитети (Европската Унија, Обединетите нации и слично).

Обединетите нации немаат единствена дефиниција за тероризам, но во бројни резолуции, конвенции, декларации и протоколи, одредени акти и однесување на групите или поединци се означуваат како тероризам. Европската Унија во Рамковната одлука за борба против тероризмот од 2002 година, ги дефинира терористичките акти како намерни активности кои можат опасно да ѝ наштетат на земјата или на меѓународната организација, со закон се означени како противправни активности, а сторени се со цел сериозно вознемирување на населението, присилување на власта или меѓународната организација да стори или да се воздржи од сторување и со цел сериозна дестабилизација или уништување на основите политички, уставни, економски или социјални структури на земјата или меѓународната организација.

Во Збирката на федерални прописи на САД, тероризмот се дефинира како противправна употреба на принуда или сила против луѓе или имот, за да се заплаши или присили владата, цивилното население или еден негов дел, за да се постигнат одредени политички или социјални цели. Според оваа дефиниција, меѓународниот тероризам се означува како терористички акт кој[26]:

- Вклучува акт опасен по човечкиот живот, кој ги крши кривичните закони на САД или која било од сојузните држави;
- Се прави со намера да се заплаши или вознемирува цивилното население, да се влијае на политиката на владата по пат на заплашување или принуда или влијае на однесувањето на владата по пат на атентат или киднапирање;
- Се јавува главно надвор од територијалната јурисдикција на САД, или ги преминува националните граници во смисла на средства со чија помош се реализираат, со намера да се заплашат или присилат локалните подрачја во кои делуваат сторителите или бараат азил.

2.2.1 Елементи на тероризмот

[26] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.29

Опфаќањето и прецизното дефинирање на тероризмот придонесува за идентификување на неговите елементи кои константно се појавуваат во терористичките акти. Сепак, потребно е да се води сметка дека дефиницијата не се конструира со просто додавање на доминантните елементи на тероризмот, туку потребно е да се земат предвид одредени општествено-политички и други услови во кои настанува тероризмот и се манифестира. Покрај воопштеноста и апстрактноста, како и недостатокот на оригиналност, недостатокот на овој пристап се гледа и во тоа што самото набројување на елементите на еден поим не може методолошки да се издведе подалеку од неговата содржина, што не значи веднаш и востанување на суштината.

На ваков начин, креирани се некои дефиниции на тероризмот. Холандските научници Алекс Шмид и Алберт Јонгман извршиле квалитативна анализа на дефиницијата на тероризам и дошле до заклучок дека во нив константно се појавуваат 22 елементи, по ред на зачестеност во споменатиот примерок, со процентуално застапување на секој елемент во анализираните дефиниции.

Заеднички елементи во анализираните дефиниции за тероризам се:

- Употреба на сила или насилство;
- Политички карактер;
- Предизвикување на страв или ужас;
- Закана;
- Психолошки ефект и реакција;
- Разлика помеѓу жртвите и широката мета на напад;
- Целно, планирано, организирано делување;
- Метод, стратегија, тактика на борбата;
- Екстранормалност на кршење на прифатените правила, отсуство на хуманитарни причини;
- Уцена, принуда и наведување на послушност;
- Желба за публицитет;
- Самоволја, безличност, отсуство на дискриминација;
- Жртви, цивили, неборци, нестрелци, лица без врска со самите работи;
- Заплашување;

- Нагласување на невиноста на жртвата;
- Извршител, група, движење или организација;
- Симболична природа, покажување на другите;
- Непредвидливост, неочекуваност на појавата на насилство;
- Тајност, прикриеност;
- Повторување низи или кампања за насилство;
- Криминален, злосторнички карактер;
- Барања на трети лица.

Врз основа на овие заеднички елементи, Шмид развил дефиниција за тероризмот која содржи 13 од тие елементи, сметајќи под тероризам метод на борба во која жртвите служат како симболични мети[27]. Истиот автор наведува дека клучни елементи на тероризмот се[28]:

- Употреба на насилство против човечки суштества;
- Условна закана со насилство;
- Намерно предизвикување на терор/страв кај целната група;
- Целни цивили, неборци и невини;
- Вознемирување, насилство и/или пропаганди;
- Факт дека тоа е метод, тактика или судир;
- Важност на претставување акти на насилство на поголемата популација;
- Нелегална, криминална и неморална природа на акти на насилство;
- Преовладувачки политички карактер на акт;
- Употребата на тероризам како инструмент на психолошко војување за да се покренат или оневозможат јавните сектори.

Марта Креншов (Martha Crenshaw) ги наведува следниве елементи на тероризам:

- Издвоена форма на политичко насилство, организирана, бара одреден број на луѓе и извори;
- Симболична мета, најчесто цивили и оние кои неможат да се одбранат;

[27] Schmid, A., Jongman, A., Political terrorism, A new guide to actors' authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature, Norton Holland Publishing, Co. Amsterdam, 1988, pp-5-6
[28] Schmid, A., Terrorism, The definitional problem, War Crimes research Symposium, Terrorism on Trial, 2004, p.404

- Производи од психолошки ефект на клучната популација, вклучувајќи ги и оние кои се идентификуваат со жртвите и оние кои се идентификуваат со напаѓачите;
- Клучен елемент е и изненадување и шок.

Значаен број на автори вниманието го насочуваат кон основните елементи на тероризмот. Имајќи ги предвид политички мотивираната намера, организираност, последици од терористичките акти, безобзирност и исклучителна суровост, разновидност и број на напади, комуникативност и друго, тие ги констатираат следниве елементи на терористичкиот акт[29]:

- Самиот акт на насилство;
- Политичка, верска, етничка и расна мотивираност;
- Политички цели и пораки;
- Создавање атмосфера на страв, ужас, недоверба;
- Суровост и безобзирност;
- Невиност на жртвите;
- Негова јавност, комуникативност и
- Незаконски криминален чин.

Покрај овие елементи, се наведуваат и други конститутивни елементи на тероризмот - метод, средства, тактика, самоволја, безличност, уцена, принудување, непостоење дискриминација, наведување на послушност и друго.

Од анализата на наведените дефиниции, како и понудените елементи на тероризам, може да се заклучи дека постојат пет основни, клучни елементи на тероризмот, кои ги вклучуваат сите останати елементи на тероризам и тие се наоѓаат во сите дефиниции. Врз основа на овие елементи, може да се одреди тероризмот, предметно, содржински и суштински. Секако, важно е да се спомене фактот дека тие елементи се групирани по одредени важни обележја, вклучувајќи повеќе слични одредби во еден елемент. Покрај тоа, предвид се земени основните, односно се одредуваат елементите на тероризам, при што се подразбира дека тие ги вклучуваат и останатите елементи на тероризам.

[29] Бајагиќ, М., Основи безбедности, Криминалистичко полицијска академија, Београд, 2007, стр.211

Значи, неспорни се следниве елементи на тероризам: носители на тероризам, цели, жртви, насилство и закана со насилство и предизвикување страв. Носители на тероризмот претставуваат колективитети кои извршуваат терористички напади и можат да се поделат на недржавни или државни. Кога станува збор за целите, тие се најчесто од политичка природа, иако можат да бидат и верски, етнички или национално мотивирани. Кога се работи за жртви, се разликуваат два вида, и тоа непосредни, кои трпат последица, и посредни, на кои им е упатена пораката. Насилството и закана со насилство е конститутивен елемент на тероризам, што укажува на заклучок дека нема тероризам без насилство. Стравот е примарен елемент кон кој тежнеат носителите на тероризмот заради остварување на поставените терористички цели.

Од сите наведени елементи се воочува присуство на неколку важни одредници на тероризмот и терористички акции. Врз нивна основа видливо е дека нема тероризам без употреба на насилство, како ни без активности од идеолошко политички карактер, што исто може да се каже и за предизвикување страв и за целно организирање на делување.

2.2.2. Карактеристики на тероризмот

Може да се каже дека постојат бројни и разновидни облици на современиот тероризам, како и тоа дека во секој облик има својствени специфични обележја, што бара уважување на разновидни критериуми за да се идентификуваат и формулираат заедничките карактеристики на ова енигматично насилство. На пример, тероризмот на одредена микролокација во свет каде неговите носители немаат поддршка на населението, се разликува од тероризмот на некоја друга микролокација, каде неговите носители имаат поддршка од локалното население.

Потоа, тероризмот во мирни услови во некоја земја може да претставува основен метод за отпор, со чие посредство неговите носители настојуваат да влијаат на политички случувања, додека тероризмот во конфликтни ситуации, како што е вооружен судир помеѓу две или повеќе држави и во вооружен судир во една држава, може да претставува само еден од облиците на дејство. Понатаму, важни се различните карактеристики на тероризмот на невладиниот субјект во една земја, кој ужива странска поддршка од

тероризмот на невладиниот субјект, кој нема таква поддршка. На крај, најспецифични се карактеристиките на тероризмот чии носители се лишени од каква било реална причина, односно насилство кое се спроведува под некоја смислена цел, кога станува збор за тероризам кој сам по себе е цел.

Карактеристиките на тероризмот се поврзани за неговата манифестација, што го прави специфичен. Тероризмот се манифестира со вршење акти кои имаат одредени карактеристики. Носителот на секој облик на тероризам, а со самото тоа и терористичкиот акт е човекот, и тоа како припадник на некоја терористичка организација, или поретко, самостојно. Тероризмот е условен од постоење на терористичка организација, како колективитет и човек како поединец и непосреден учесник во тероризмот[30].

Од овде произлегуваат сите останати карактеристики на тероризмот. Тие може да се разгледуваат како основни карактеристики, односно карактеристики кои се присутни во сите облици на тероризмот и ја сочинуваат неговата содржина. Покрај тоа, карактеристиките на тероризмот можат да се согледаат со разгледување на сегашниот, современ начин на постоење и манфестирање на тероризмот кој одговара во даден момент.

Тоа би биле актуелните карактеристики на тероризмот. Овие карактеристики се специфични за денешните облици на тероризам, што значи дека не биле присутни во претходниот период. Можните карактеристики на тероризмот се однесуваат првенствено на можноста за употреба на оружје за масовно уништување, односно нуклеарно, хемиско и биолошко оружје во терористички цели и можни последици кои би ги предизвикал таквиот облик на манифестирање на терористички активности.

Врз основа на наведеното, карактеристиките на тероризмот може да се разграничат како основни, актуелни и можни карактеристики[31]:

1. Основни (општи) карактеристики

- Акт на насилство (закана и примена);
- Предизвикување страв;

[30] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.81
[31] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.85

- Остварување на терористички цели;
- Пренесување одредена порака;
- Организираност;
- Бруталност, неморалност и ирационалност на терористички чин;
- Избор на жртви и објекти на напад;
- Противзаконитост на терористички акт;
- Осуда на тероризмот.

2. Актуелни карактеристики на тероризмот

- Супстанцијална и симболична штета;
- Геноцидни намери;
- Визионерски цели;
- Безусловна мотивација;
- Порака која одекнува;
- Безбедносна криза;
- Спектакуларност;
- Глобална природа на терористички закани.

3. Можни карактеристики на тероризмот:

- Тајност на нуклеарен, хемискки и биолошки тероризам;
- Сеопфатност на нуклеарен, хемиски и биолошки тероризам;
- Разновидност на средствата на извршување;
- Масовност на жртви;
- Неселективност;
- Долготрајност на последици.

Секако, ова не е конечна листа на карактеристиките на тероризмот, посебно оние кои се можни и актуелни. Напротив, секој нов терористички акт се карактеризира со нешто ново, дотогаш невидено. На тоа придонесува развојот на тероризмот и појавата на нови облици на негово манифестирање, на пример сајбер-тероризам.



Актот насилство е една од најважните карактеристики на тероризмот. Секој терористички акт е всушност акт на насилство. Насилството најчесто се гледа во грубата употреба на сила, по пат на различни начини и средства. Една од карактеристиките на насилството е неговата несразмерност во остварувањето на одредена цел. Со насилството се манифестира сила чија деструкција ги надминува психолошките ефекти[32].

Предизвикување страв и други психички реакции кон жртвата и објектот на напад е втор важен елемент на тероризмот. Предизвикувањето состојба на анксиозност и ужас, како последица на терористичкиот напад, е сакан ефект кон кој се стремат носителите на тероризмот.

Остварување на терористичките цели - општо е познато дека со терористичкиот акт се остваруваат одредени политички цели. Политичкиот мотив на извршителите е услов за некоја активност да се означи како терористичка, бидејќи тоа е единствена дефиниciска компонента која го раздвојува тероризмот од обичниот криминал. Пренесувањето на одредена порака е составен елемент на тероризмот, со која носителот на тероризмот укажува на своите цели, намери, мотиви и друго. Пораката е насочена како кон жртвата и објектот на напад, така и кон истомислениците.

Организираност е карактеристика која подразбира постоење на терористички организации, како непосредни носители на тероризмот и организирано, континуирано и систематско делување. Да се организира, значи да се изврши организација на некој или

[32] Мијалковиќ, С., Милошевиќ, М., Обавјештајно безбједносна дјелатност и службе, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2011, стр.301

нешто, да се поврзе во единствен систем, заедница, да се доведе во меѓусебни посакувани односи за целта, да се обезбеди посакуваниот тек, вршење на нешто, спроведување, подготовка на меѓусебна организација, поврзување во организација.

Бруталност, неморалност и ирационалност на терористичкиот акт, се карактеристики кои му даваат на актот посебна конотација и го сведуваат во ред на најголеми злосторства и опасности на денешницата. Овие карактеристики укажуваат на смислата на тероризмот како брутално насилство, кое нема обзир кон моралните, обичајните, општествени и други норми, а се заради остварување на ирационални цели. Изборот на жртва и објект на напад, е една од најзначајните карактеристики на тероризмот. Подразбира голема разновидност на жртвите и објектот на напад. Изборот на мета обично значи поглед на изјавата која треба да се пренесе, да се истакне природата на метата, степенот на ризик по терористот, осигурување околу потенцијалната мета, ефект.

Противзаконитоста на терористичкиот акт е општа карактеристика на тероризмот, бидејќи секој терористички акт, пред сè, со правните норми е забранет акт. Затоа вршењето на терористичкиот акт, како со меѓународни, така и со внатрешни правни прописи, е окарактеризирано како кривично дело и како такво е најстрого забрането.

Осудата на тероризмот - ова би била една атипична особина на тероризмот, која не е во врска со конкретно вршење на терористичкиот акт, но *de facto* секогаш постои кога се зборува за тероризам. Нема терористички акт кој не е осуден како таков, без разлика дали станува збор за осуда, или да се работи за гадење од самиот терористички акт.

Тука треба да се нагласи дека современиот тероризам ги менува своите карактеристики и сè помалку потсетува на тероризмот од минатиот век, сè поголем е бројот на терористички организации и поединци/терористи, сè почести се терористичките акти со смртен исход, жртвите се сè помасовни, а материјалната штета е сè поголема.

2.2.3 Организациона структура на терористичките групи

Секоја терористичка група има своја организациона структура. Во зависност од величината на самата терористичка група, се воспоставува и нејзината организациона структура. Но, величината или масовноста на терористичката група не е единствен

критериум за воспоставување на организационата структура. Од важност за структуирање на терористичката организација е и целта за постоење на таа организација, како и достапност на материјалните средства и обученост на самите припадници на терористичките групи.

На почетокот потребно е да се напомене дека најчестиот тип на организирање терористички групи се сведува на принципот на хиерархија, ќелии и мрежа. Хиерархискиот тип на организирање терористички групи се заснова на постоење тврдокорно водство. Карактеристика на ваквиот модел на организирање е постоење на таканаречена пирамидална структура, брз пренос на информации, јасна поделба на улоги и слично. Главна слабост на ваквиот вид организирање, од аспект на терористичките групи, е можноста за распад на групата во случај на апсење или смрт на водачот.

Традиционалниот модел на организирање терористички групи се заснова на принципот на ќелии. Ќелијската структура се заснова на комбинација на хиерархија и мрежа, односно таа содржи елементи на мрежа во хиерархијата. Основна карактеристика на мрежното организацирање е непостоење на хиерархија, односно еднаква положба на сите членови. Ќелиите на терористичките организации главно се состојат од три или пет терористи, кои претставуваат самостојна целина во која само еден член комуницира со раководството на организацијата. Главно ќелиите не знаат една за друга. Ќелиите се наоѓаат во различни земји и чекаат наредба за извршување на терористички напади.

Мрежната структура се заснова на постоење одреден број ќелии кои меѓусебно се поврзани. Еден од облиците на мрежно организирање претставува таканаречената ѕвездаста мрежа. Во ваквиот вид на организација, водството се наоѓа во средина, додека повеќе ќелии се концентрирани околу самото водство. Секоја наредба тргнува од водството на организацијата, а комуникацијата помеѓу ќелиите исто така се одвива преку водството.

За разлика од традиционалните форми на организирање, кои се засноваат на централизација и субординација, современите модели на организирање на терористичките групи сè повеќе се засноваат на автономност на членовите. Сè поголем број на такви групи

се составени од терористи аматери кои изведуваат терористички напади од инспирација, а не поради добиена наредба[33].

2.2.4 Класификација на тероризмот

Поради сложеноста, динамиката и појавните облици, можни се бројни класификации на тероризмот според разновидни критериуми. Секоја класификација на тероризмот, посебно го отежнува постоењето на мешани облици во манифестиање. На пример, една организација која се бори за своите сепаратистички цели може поради мотивација на членството или добивање на моќни меѓународни сојузници, во исто време да биде и религиски или идеолошки определена, или пак, организација која користи самоубиствени методи, може да користи и конвенционални терористички методи.

Сите класификации на тероризмот имаат теориски и методолошки карактер и меѓусебно не се исклучуваат. Класификацијата на тероризмот е методски коректно одредување на местото на тероризмот, врз основа на познати, општи поими, и негова систематизација. Целта на класификацијата е податоците за тероризмот да се средат според карактеристики и да се групираат во релативно самостојни целини.

Милан Мијалковски тероризмот го класификува врз основа на утврдување на основните елементи на терористичкиот процес. Како основни елементи на терористичкиот процес ги наведува: активниот субјект, пасивниот субјект и набљудувачи. Врз основа на наведените елементи на терористичкиот процес и фактите кои го карактеризираат, авторот го класификува тероризмот[34]:

- Според носителот: недржавни и државни, условни и меѓународни;
- Според причините: политички, етнички и други;
- Според објектот на напад: селективни и неселективни;
- Според средствата: конвенционални, нуклеарни, биолошки, хемиски, интернетски и други.

[33] Crenshaw, M., The debate over “New” vs “old” terrorism, Chicago, 2007, p.26
[34] Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд 2010, стр. 15

Тероризмот, според главните цели може да се подели на три групи:

- Идеолошки мотивиран тероризам: левичарски тероризам и десничарски тероризам;
- Етносепаратистички тероризам;
- Верски фундиран тероризам: тероризам на секти и тероризам фундиран на интерпретација на големи религии.

Квалификација на тероризмот според средствата и методите опфаќа:

- Класификација на тероризмот според средствата: класичен, биохемиски, нуклеарен;
- Класификација според методи: класичен, самоубиствен, сајбер-тероризам и наркотероризам.

Класификацијата на тероризмот според типот учесник - субјект на тероризам, може да биде следнава:

- индивидуален тероризам;
- тероризам на организации и нелегални групи;
- институционален тероризам.

Наведениот приказ на некои класификации на тероризмот укажува дека нема единствена класификација на тероризмот.

Од аспект на простор, тероризмот се дели на:

- внатрешен тероризам и
- меѓународен тероризам.

Во однос на тоа дали непосрената жртва е однапред одредена или не, се дели на:

- селективен и
- неселективен тероризам.

Според тактиката, тероризмот може да биде:

- атентаторски
- киднапирачки
- самоубиствен и други.

Според употребените средства се дели на:

- конвенционален тероризам и
- хемиско биолошко нуклеарен тероризам.

Од аспект на цели, тероризмот се дели на:

- провокативен и
- радикален.

Според методите, тероризмот може да биде:

- класичен
- самоубиствен
- наркотероризам и
- сајбер-тероризам.

Регистрирана е и поделба на тероризмот на:

- националистички
- револуционерен
- бегалски
- емигрантски и слично.

2.2.4.1 Класичен (конвенционален) тероризам

Под класичен (конвенционален) тероризам се подразбира оној тероризам за чие вршење се користи класична тактика. Во негативно одредување, тоа би бил секој тероризам кој не е самоубиствен, нарко или сајбер-тероризам. Начините на манифестирање на тероризмот кои вклучуваат класична тактика можат да бидат:

- атентати
- пожари
- бомбашки напади
- земање заложници
- киднапирање
- киднапирање на авион

- вооружен напад
- злоупотреба на интернет во терористички цели
- психофизичко злоставување
- лажни узбуни и дојави.

Наведените начини се најчесто применети терористички тактики, што не значи дека терористите не можат да користат и други класични терористички тактики.

За извршување на конвенционален тероризам се користи конвенционално оружје. Конвенционално оружје е општ назив за оружје кое има релативно широка употреба, а кое не е оружје за масовно уништување, како што е нуклеарно, хемиско или биолошко оружје. Конвенционалното оружје вклучува лесно вооружување, експлозивни средства и мини, како и (не нуклеарни) бомби, гранати, ракети и касетни бомби.

За конвенционално оружје во наведената смисла може да се смета[35]:

- Огнено оружје, пушки, пиштоли и револвери, како и сите видови на направи кои исфрлаат проектил (зрно, сачма) со потиснување на барутни или други гасови настанати како производ на согорување на погонска материја;
- Воздушно оружје, сите видови пушки и пиштоли кои со потисок на воздух или збиен гас, исфрлаат проектил (дијабола и друго);
- Гасно оружје, кое исфрла или испушта гас или други супстанции кои се штетни за здравјето;
- Распрскувачко оружје, кое се распрскува под дејство на експлозивни материи, односно оружје, или направа конструирана, преправена или наменета за исфрлање оружје кое се распрскува под дејство на експлозивни материи;
- Посебно оружје, кое под притисок на експлозивна или гасна материја исфрла анестетичко средство или средство кое произведува звучен или светлосен сигнал, како и оружје кое ослободува електричен напон со поголем интензитет;
- Оружје со тетива, кое со притискање на тетивата или друга еластична материја, исфрла стрела или друг проектил;

[35] Вајт, Ц., Тероризам, Александрија прес, Београд, 2004, стр.128

- Ладно оружје (боксер, бодеж, кама, сабја, бајонет и друго) со кое нападот е основна намена.

Конвенционалните средства на терористите опфаќаат поединечни видови на вооружувања со кои е опремен воениот и полицискиот систем на државата. На терористите им е потребно конвенционално оружје за вршење терористички напади. Многу често таквото оружје се набавува по илегален пат, бидејќи терористите често не можат легално да дојдат до оружје. Оружјето кое терористите најмногу сакаат да го користат е огненото оружје и бомби, бидејќи се работи за лесно оружје, кое може да криумчари.

2.2.4.2 Самоубиствен тероризам

Во последните две децении на XX век светот се соочи со кулминација на специфичен облик на политичко насилство, односно самоубиствен тероризам. Станува збор за облик на тероризам кој со својата бруталност и неморалност ги надминува сите досегашни облици на тероризам. Ескалацијата на овој облик на насилство и популарноста меѓу поддржувачите на самоубиствениот тероризам, му дава посебно негативна конотација[36].

Самоубиствениот тероризам во денешниот облик се појавил во 80-те години на XX век во Либан, Кувајт и Шри Линка. Во текот на 90-те доаѓа до негово постепено ширење и ги зафаќа Израел (Западниот брег и Појасот Газа), Египет, Индија, Пакистан, Авганистан, Панама, Алжир, Руската Федерација, Индонезија, Саудиска Арабија, Хрватска. На почетокот на XXI век, самоубиствениот тероризам ги зафатил САД, Франција, Перу, Тунис, Колумбија, Ирак, Шпанија и Финска[37].

[36] Вајт, Џ., Тероризам, Александрија прес, Београд, 2004, стр.129
[37] Вејновиќ, Д., Шикман, М., Радуљ, С., Друштвени аспекти тероризма, Удружење дефенфолога Републике Српске, Бања Лука, 2006, стр.108



Тој е специфичен облик на тероризам и претставува посебен облик на терористичка тактика, посебно во однос на појавните облици. Гледано низ историјата, војниците најчесто вршеле самоубиствени напади од очај и за да избегнат евентуално заробување од страна на непријателската војска. Една од главните одлики на самоубиствениот тероризам е неговата неповолност за мета и цели, со оглед на елементот конспиративност. Самоубиствениот тероризам е карактеристичен за најекстремни терористички организации заради постигнување на драматични ефекти. Затоа самоубиствениот тероризам се јавува како предумислена акција на терористичките организации кои го применуваат.

За да се одреди поимот самоубиствен тероризам, потребно е прво да се укаже на суштината и начинот на извршување на самоубиствените терористички напади, односно во согласност со тоа, појмовно да се одреди значењето на самоубиствениот тероризам. Самоубиствен терористички напад може да се дефинира како облик на физичко загрозување на безбедноста на луѓето и имотот и предизвикување страв и паника, кој го изведува еден или повеќе луѓе (терористи), припадници на терористичка организација, со употреба на некое од средствата за напад (есплозивна направа, огнено оружје, превозно средство и друго) од кое извесно и самите ќе загинат, а притоа се предизвикува смрт или ранување на непосредна жртва на терористичкиот напад и материјална штета по имот заради остварување на поставените цели на терористичките организации. Од овде произлегува дека суштина на самоубиствените терористички напади се состои во тоа што непосредниот извршител гине заради остварување на цели на терористичката

организација, како носител на самоубиствениот терористички напад. Така, терористот бомбаш самоубиец, во исто време се појавува како ефикасно средство и начин на извршување терористички напад. Со помош на бомбаш самоубиец, се зголемува веројатноста дека оружјето ќе ја погоди целта[38].

Делувањето на терористите сè повеќе се поврзува со интересите и делувањето на известувачките служби на разни земји, па и во земјите во кои се одвиваат таквите активности. Низата објавени информации и податоци зборуваат за тоа дека терористите се обучуваат и подготвуваат во специјални логори под раководство на поединечни известувачки служби и никако не би можеле да се одржат без помош на тие земји кои ја примаат парично, во материјални средства, обука, вооружување и прикривање на лажен идентитет.

Значи, самоубиствениот тероризам е акт на насилство на луѓе и имот, свесно жртвување на сопствените животи на терористите заради остварување на поставените терористички цели. Нивните носители се поединци и поединечни екстремни терористички организации, а доминантно го карактеризира неморалност, тајност и прикриеност, свирепост, изненадување, неселективност и случајност на теориристичкиот акт и други тактички предности.

Табела 1: Карактеристики на самоубиствен тероризам

Карактеристики на самоубиствен тероризам		
1	Начин на избор на терорист - бомбаш самоубиец	- Најважна карактеристики - Пронаоѓање лица кои се спремни да го жртвуваат сопствениот живот
2	Неморалност, свирепост и подмуклост на самоубиствен терористички напад	- Неморалност кон недолжни жртви во самоубиствен тероризам - Неморалност кон самите

[38] Вејновиќ, Д., Шикман, М., Радуљ, С., Друштвени аспекти тероризма, Удружење дефенфолога Републике Српске, Бања Лука, 2006, стр.112

		извршители
3	Тајност, прикриеност и изненадување на самоубиствен терористички напад	- Тајност во подготвување на нападот - Прикриеност за изведување на нападот - Неочекуваност на самоубиствен напад
4	Тактички предности на самоубиствен терористички напад	- Релативно евтини операции - Не постои потреба за спасување на терористите - Разновидност на средствата за извршување

2.2.4.3 Наркотероризам

Наркотероризмот е термин кој за првпат е воведен од поранешниот претседател на Перу, Фернандо Белангде Тери, во 1983 година, а со кој биле опишани напади кон полицијата со цел спречување на трговијата со наркотици. Во оригиналниот контекст, наркотероризмот подразбира обиди на трговци со наркотици да влијаат врз политиките на владата или општеството преку насилство и заплашување и воедно да го спречат спроведувањето на законите против дрогата со систематска закана или употреба на каков било тип на насилство. Насилството на Пабло Ескобар во неговите справи со колумбиската влада е веројатно еден од најпознатите и најдобро документирани примери на наркотероризам. Терминот станал предмет на многу контроверзии, главно заради неговата употреба во дискутирање за насилното спротивставување на војната против дрога на американската влада. Терминот наркотероризам сè повеќе се користи со цел да се објаснат и опишат терористички организации кои се занимаваат со трговија со дрога, а истите имаат за цел да ги финансираат своите активности и да добијат регрути и експертиза.

Таквите организации ги вклучуваат: FARC, ELN, AUC во Колумбија, PCP-SL во Перу, Хамас и Талибанците. Интересен е фактот за извештајот на Конгресната служба за

истражување на 2013 година, во кој се забележува дека „во 2003 година Управата за спроведување на лекови (ДЕА) објавила дека 14 од 36 (39 %) од групите назначени од САД како странски терористички организации биле вклучени до одреден степен во недозволена наркотична активност, додека во 2010 година, Министерството за правда на САД објави дека 29 од најдобрите 63 меѓународни синдикати на дрога, идентификувани како такви на списокот на консолидираната приоритетна организација, се поврзани со терористи“[39].

Во 2000 година, САД започнал со финансирање на планот на Колумбија со намера да ги искоренат наркокостите, како и со цел да дејствуваат против нарко-лордовите кои биле обвинети за ангажирање на наркотероризам, вклучително и лидерите на марксистичкиот ФАРК и паравоените сили на АУЦ. Американската влада пак финансирала големи кампањи за искоренување на дрогата и подржувајќи ги воедно и колумбиските воени операции, барајќи екстрадиција на командантите[40].

Иако честопати се вели дека Ал-Каеда ги финансира своите активности преку трговија со дрога, во извештајот на Комисијата се вели дека „додека трговијата со дрога беше извор на приход за Талибанците, таа не служеше за истата цел и за Ал Каеда, а доказот дека Бил Ладен бил вмешан или заработил пари преку трговија со дрога не им се чинел веродостоен“. Организацијата ги добивала најголем дел од своите средства преку донации, особено оние од „богатите Саудијци“.

Наркотероризмот како безбедносна закана со врвен приоритет секако дека е третиран во рамките на безбедносните стратегии на сите современи држави. Секоја современо конципирана безбедносна стратегија мора да ги определи потенцијалните извори на загрозување и безбедносните закани, што опфаќа конкретни мерки и активности за идентификација, но и конкретни мерки за справување со овој вид на закана. Безбедносната политика и стратегиите за справување со сите видови безбедносни закани можат да бидат исклучително флексибилни, но и мошне ригидни при определувањето на мерките и активностите.

Во однос на креирањето ефикасна стратегија за одговор на тероризмот постојат различни аспекти на согледување на проблемот во зависност од официјалната политика на

[39] https://www.narconon.mk/about-narconon/narconon-program-recognitions.htm, посетено ноември 2023
[40] https://www.narconon.mk/about-narconon/narconon-program-recognitions.html, посетено во ноември 2023

државата во дадениот момент и од ставовите произлезени од определбите на надлежните институции. Во поглед на теоријата во врска со овој проблем, голем број проучувачи на овој феномен се обидувале да дадат свое видување на иднината на тероризмот и насоки за креирање на ефикасна стратегија за негово елиминирање.

Проблемот со трговијата со дрога уште од почетокот на шеесеттите години од минатиот век е во фокусот на перманентна интернационална опсервација. Тоа е така бидејќи недозволената трговија со дрога е феномен кој во светски размери претставува сериозна закана за човештвото и за неговиот натамошен развиток. Експанзијата на криминалот со дроги на меѓународно ниво ја поттикнуваат повеќе фактори, и тоа: постојан тренд на развој на економски план на меѓународната заедница; зголемување на меѓународниот сообраќај на луѓе, стоки и информации; меѓународна трговија; распаѓање на социјалистичкиот блок и создавање т.н. „земји во транзиција“ со изразено присуство на правен, политички и вредносен вакуум; постоење разлики во пристапот кон проблемот помеѓу националните законодавства и меѓународното право, што е резултат на различните правни системи, а кое оневозможува ефикасен настап на меѓународен план во сузбивањето на криминалот со дроги[41].

Кон ова може да се додаде и проблемот со т.н. „земји од третиот свет“ кои имаат други приоритети и помалку ресурси на располагање, па, според тоа, не се во состојба да ги апсорбираат и неутрализираат последиците од зголемената употреба и трговија со дроги. Ако трговијата со дроги се разгледува во поширока смисла, тогаш несомнено може да стане збор за постоење и континуирано развивање на посебен вид криминалитет познат како наркокриминалитет, кој опфаќа широк спектар на илегални дејствија поврзани со производството, дистрибуцијата и прометот на дроги и психотропни супстанции и има свои посебни обележја и карактеристики. Денес овој вид криминалитет нема географски, национални, расни, или други ограничувања и во сè поголем број земји создава големи економски, социјални, здравствени и политички проблеми.

Во врска со иднината на ваквиот криминалитет и тероризам, аналитичарите најмногу се загрижени од опасноста за употребата на оружјето за масовно уништување, за

[41] Хаџијевска, С., Навременото откривање на трговијата со дроги од страна на полициските служби императив за превенирање на зависноста од дроги, Скопје

што, исто така се потребни посебни планови и стратегија за дејствување. Сите сме свесни дека за ефикасна борба против оваа специфична и неконвенционална безбедносна закана мора постојано да се иновираат постојните и да се креираат нови стратегии со цел да биде поефикасно справувањето со овој проблем кој ги засега индивидуалните држави во нивните национални рамки, но најчесто со секој извршен акт има импликации и врз мирот и безбедноста во глобални рамки.

Наркотеристите и меѓународните криминални организации, секојдневно напредуваат во аспект на илегалната трговија со дрога, а притоа заканувајќи ѝ се на глобалната безбедност.

Финансирањето на наркотероризмот е најчесто преку спроведувањето на едни од најсилните конфликти на глобално ниво и притоа вклучувајќи ги и поинтензивните војни во Мексиканските картели, потоа, тероритстички групи како што е FARC (Revolurionary Armed Force of Colombia), Хезболах, Хамас, Талибанците, Ал Каеда и други радикални муслимански организадции во Пакистан и други места[42].

Активностите на терористите се насочени кон нелегална трговија со наркотични и опојни дроги, киднапирање, прстени на проституција, трговија со луѓе, кредитни картички, кражби, фалсификување на валути, тероризам и убивање.

Се смета дека единствено САД е држава која може сериозно да го намали наркотероризмот, но сепак истата не ги корити најефикасните методи. Она кон кое би требало да биде насочувањето е намалување на снабденоста на светот со кокаин, афион и канабис. Алтернативата е во пронаоѓањето на микохербициди кои би ја дезинфицирале почвата и би ја направиле непогодна за раст на овие култури.

Наркотероризмот денес е еден од главните фокуси во надворешната и домашната политика. Неговата цел е да се опише работата и делата на кампањите на шверцерите со дрога кои користат терористички методи, како што се: употреба на бомба-автомобили, атентати, киднапирање, забранети дејствија врз полицијата. Од медиумите, политичките изјави и академската литература, осознаваме за употреба на терминот како знак на соработка помеѓу организираниот криминал и тероризмот. Но, вистината сепак е

[42] Afghanistan and Colombia, A common struggle against narcotics, Working paper, 2017

партнерство помеѓу нарко и терористичките организации заради своја заедничка цел. Без оглед на тоа дали постои поврзаност на нарко и терористичките организации, потврдувањето на нивните сличности укажува на потреба од дополнително истражување за нивниот карактер[43].

2.2.4.4 Сајбер-тероризам

Сајбер-тероризмот е вид на тероризам од поново време, класификуван според методите кои ги користат терористите. Овој вид тероризам, за разлика од другите, сè уште не претставува заокружена феноменолошка категорија, затоа не е можно да се дефинира со единствено и прецизно појмовно одредување. Обично под поимот сајбер-тероризам се подразбира користење на компјутер и информациони технологии, претежно интернет, за предизвикување штета со цел да се постигне исполнување на политички или регионални цели на напаѓачите.

Исто така, сајбер-тероризмот може да се сфати како користење на информациони технологии од страна на терористички групи и поединци, вклучувајќи користење на информациони технологии за организирање и извршување напади на мрежи, компјутерски системи и телекомуникациона инфраструктура, или за размена на информации и изнесување на терористички закани по електронски пат[44].

Под сајбер-тероризам се подразбираат смислени, политички мотивирани напади, на компјутерски системи и програми, како и на податоци, со кои треба да се предизвика насилство и страв кај цивилните мети. Во време кога е тешко спротивставувањето на најмоќниот противник, терористите применуваат нови, модерни и технолошки современи системи и методологии за удар на противничкиот политички систем. Новото оружје во новиот сајбер-свет го сочинуваат логички бомби, тројанци, црви, вируси, кои треба да предизвикаат престанок на работа на системот и губење на информации.

Ниедна дефиниција за сајбер-тероризам не е универзално прифатена. Проблематично е да се означи дека нападот на компјутерите и компјутерските мрежи е

[43] Afghanistan and Colombia, A common struggle against narcotics, Working paper, 2017
[44] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.177

сајбер-тероризам затоа што е тешко да се одреди намерата, идентитетот или политичките методи на напаѓачите. Синтагмата „сајбер-тероризам“ се користи сè повеќе во модерното општество и се употребува за да се опишат различни акции, како што се: кражба на податоци или хакирање, планирање терористички напади, предизвикување насилство, или напад на информациони системи.

Џејмс Луис и Маркус Хендерсот го дефинираат сајбер-тероризмот како „користење на компјутерски мрежи и алатки заради прекин на работата на критички национални инфраструктури или да се присили или заплаши владата или нејзините граѓани[45]“. Повеќето стручни лица за информациона безбедност сметаат дека нападите на компјутерите и компјутерската мрежа може да бидат дефинирани како сајбер-тероризам ако ефектите се доволно деструктивни и предизвикуваат страв кој може да се спореди со физичкиот акт тероризам.

Дебра Шиндер го класификува сајбер-криминалот во две широки категории, насилни или потенцијално насилни дела, а сајбер-тероризмот го сведува во првата категорија. Под сајбер-тероризам подразбира тероризам кој е извршен, планиран или координиран со помош на компјутерски мрежи[46]. Голем број дефиниции за сајбер-тероризам говорат за сложеноста на тој феномен. Врз основа на извршената анализа на достапните извори на литература, сајбер-тероризмот може да се дефинира како криминален акт во сајбер-просторот кој има за цел да се заплаши владата или нејзините граѓани заради остварување на политички цели.

Поради природата на модерното општество, сајбер-тероризмот претставува опасност. Сајбер-терористите може да ја нападнат инфраструктурата. Со други зборови, тие може да ги уништат темелите на современото информационо општество. Бидејќи модерното западно општество функционира на база на информации, сајбер-терористите би можеле да ги прекинат или да го попречат протокот на инфорации. Моќта на сајбер-терористите да го пореметат економскиот систем е еднаква на нивната моќ да ја уништат довербата во општествените институции. Сајбер-терористите можат да ја убедат јавноста

[45] James, L., Assessing the Risks of Cyber Terrorism, Cyber War and other Cyber threats, Center for strategic and international studies, Washington, 2002, p.1
[46] Shinder, D., Scene of the Cybercrime, Computer Forensics handbook, Rockland (USA), 2002, pp.51-67

дека нивниот свет се распаѓа. Тие би можеле да нападнат здравствени институции, владини служби и деловен свет, како и воени установи[47].

2.3 Облици на манифестирање на тероризмот

Терористички акт е насилен акт кој обично го извршува некоја организирана група, при што намерно се предизвикува убиство или нанесување на некои друго големо зло на цивилното население, државни службеници или други недолжни лица, или се врши закана, или пак, намерно нанесување голема штета на имот или закана со таква штета заради остварување на поставените терористички цели, кои можат да бидат од идеолошка, етнонационалистичка, сепаристичка или верска природа.

Терористичките организации користат различни облици на насилство за да предизвикаат страв, да остварат публицитет и да постигнат политички цели. Пред сè, се мисли на класични начини на манифестирање на терористичките активности. Овие начини на манифестирање на тероризмот можат да се применат кај сите негови облици, вклучувајќи недржавен тероризам и државен тероризам и тероризам спонзориран од страна на државата, внатрешен и надворешен тероризам, идеолошки мотивиран тероризам, етнонационалистички, сепаратистички и верски тероризам и други.

Терористичките напади вклучуваат: атентати, бомбашки напади, киднапирање авион, пожари, земање заложници и киднапирање, телефонски закани со бомба и закани по живот со киднапирање, вооружени напади, комерцијална саботажа и саботажа на опремата, насилство на масата и друго. Најчести облици на манифестирање на тероризмот се:

- Вооружени напади на војска и полиција;
- Уфрлање на вооружени групи на територијата на друга држава заради вршење атентат, диверзија и слични акции;
- Киднапирање авиони, бродови, возови и автобуси;
- Киднапирање и земање заложници заради откуп или изнудување политички и други отстапки;

[47] Dzonatan, R., Terorizam, Alexandria Press, Beograd, 2004, str.159

- Пожари;
- Бомбашки напади, вклучувајќи и писма бомби, автомобил-бомба и терористи самоубијци.

Терористите користат и други модалитети кои вклучуваат различни облици на организиран криминал, како што се: продажба на дрога и оружје заради добивање пари, трговија со луѓе и други облици на малициозно уништување имот[48].

Терористичките организации најчесто посегнуваат по наведените облици, но не треба да се занемари фактот дека тие пронаоѓаат нови начини на делување и со развој на технологијата, ги усовршуваат постоечките, па може да се очекува појава на нови облици на терористички активности, посебно во поглед на употреба на оружје за масовно уништување, односно нуклеарно, биолошко и хемиско оружје.

[48] Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбједносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010, стр.179

3. Тероризам и организиран криминал

3.1 Карактеристики и структура

Во последно време во литературата често се појавуваат натписи за организиран криминал и тероризам, во кои тие два поима се изедначуваат или дури и заменуваат, па затоа е потребно овие две појави и девијации во општеството детално да се истражуваат. Со оглед на тоа дека тероризмот и организираниот криминал во некои црти се слични, во продолжение ќе бидат прикажани само главните разлики кои ги одвојуваат групите кои се занимаваат со организиран криминал од оние кои се занимаваат со тероризам.

Во последниве години забележано е зголемување на групите за организиран криминал, а исто така се забележува и зголемување на терористичките организации во светот. Факторите кои влијаат на развој на тероризмот по правило се политички, економски и социјални. На сегашниот раст на тероризмот во светот, пред сè, влијаеле општествено економските промени, кои покрај големите миграциски текови по распадот на комунистичкиот систем, на црниот пазар овозможиле достапност на оружје, експлозивни средства, дури и нукеларна материја. Кај појавата на тероризам се работи за група луѓе кои бараат свој идентитет врз основа на национализам, јазик или религија.

Терористичките групи се борат за национални идеи, политички идеи, против државниот режим на одредена држава, за признавање религија, а во последно време се

забележуваат многу силни групи за заштита на животната средина, кои поради широкиот спектар на делување, тешко се откриваат. За достигнување на своите цели употребуваат различни облици на борба, од уценување до атентат. Притоа меѓу првите се: киднапирање, бомбашки напади, саботажа и уценување. Како што може да се види терористичкото делување е многу хетерогено и тешко предвидливо. Суштината на сите тие дела е медиумско внимание. Нивната цел е да бидат присутни што повеќе луѓе и преку медиумите што повеќе луѓе да го видат терористичкиот чин. Бројот на жртви секогаш е главна цел[49].

За стекнување средства за вршење терористички акт се користат методи кои се слични на методите на организиран криминал. На прво место се киднапирањата, трговија со дрога и оружје, уценување и слични. И токму поради таквиот начин на стекнување средства, доаѓа до преплетување на делувањето на терористичките организации и групите кои се занимаваат со организиран криминал.

На Светската конференција во Наполи, во 1994 година, во глобалниот план биле претставени шест карактеристики против организираниот криминал, кои можат да се опишат како:

- Групна однапред планирана активност;
- Хиерархиско уредување и контрола;
- Употреба на сила, закана и корупција за стекнување корист или контрола на пазарот;
- Употреба на техника за перење пари и инфилтрација на легални пазари;
- Експанзија во разновидни активности без признавање граници;
- Соработка со слични групи.

Ако се погледне структурата на организираните криминални групи, може да се види дека постојат три видови групи, локално организирани групи со мал радиус на делување, градски или национални групи со делување на поширока територија и криминални организации кои ја надминуваат националната рамка преку делување на меѓународен пазар.

[49] Zirojevic, M., Zloupotreba interneta u svrhe terorizma, Medjunarodna politika, Vol. LXIII, br.2, str.417-448

Како ни организираниот криминал, ни тероризмот нема општоприфатена дефиниција. Терминот транснационален тероризам не постои како таков, бидејќи тероризмот секогаш е национално обоен. Бројните меѓународни терористички дела, пред сè, се национално мотивирани. Тероризмот и терористичките организации ги одредуваат следниве карактеристики: политички цели, употреба на насилство, нелигитимност на насилство, трајност, свесност на делото, примарна цел влијаење на широка целна група, при што има жртви од секундарно значење, безобзирност, тенденција кон пропаганда, организираност, опременост, извежбаност, конспиративност.

Карактеристично за структурата на терористичките дела е дека обично се во триаголна форма. Постои терористичка организација, директна жртва и мета на терористичка порака или барање. Терористичка организација не делува непосредно на метата на терористичката порака, туку влијае посредно преку недолжни жртви кои немаат никаква непосредна врска ни со терористот, ниту со метата на напад.

Во терористичката група постојат три вида учесници. Први се идолозите и организаторите кои детерминираат стратегија и поставуваат цели за делување на групата, другите се операционалисти кои одредуваат мета на терористичкиот акт, методи, оружје кое ќе биде употребено, а трети се извршителите на терористичкиот акт, кои малку знаат за самата терористичка организација и по правило се од ниски социјални слоеви во спротивност со првите две групи. Терористичките движења во главно не се масовни, затоа е тешко да се откријат.

3.2 Modus operandi

Начините на извршување кривични дела на организираните криминални групи се многу динамични и се препознаваат во криумчарење на сите видови забранети стоки, уценување, поткупување и извршување на тешки облици на кривични дела, како што е убиство. Криумчарењето дрога и оружје сè повеќе го заменува појавувањето на пазарот со стока која државите ја забрануваат или високо ја оданочуваат. Така, во пораст е трговијата со бела стока и криумчарење емигранти, па сè до препродажба на човечки органи. На финансиското подрачје се зголемува бројот на фалсификувани кредитни картички и банкарски измами.

Криминалните дела на терористичките групи имаат два суштински елементи: насилство или закана со насилство и пропаганда. Како што беше и претходно напоменато, се работи за триаголен однос во кој жртвата и метата на тероризмот не се идентични. Метата може да биде општото внимание на јавноста, исполнување на барања или поттикнување терор, а жртва да бидат недолжни луѓе. Суштина на сите терористички дела е одзивот во јавноста. И покрај промените во светот, терористите за постигнување на своите цели сè уште користат конзервативно оружје и тактики на борба, со тоа што употребуваат големи и моќни експлозивни средства, направени така што тешко се откриваат. Покрај тоа расте употребата на хемиско и биолошко оружје, за што придонесе развојот на компјутерската технологија.

3.3 Активности

Активностите на криминалната дејност на групите за организиран криминал се разновидни. Покрај стандардните дела, како што се игрите на среќа, проституција и слично, денес понагласено е криумчарењето на забранета стока, како и стока на која се плаќа висок данок. На тој начин, стекнатата корист од перење пари, се инвестира во легални работи. Организираниот криминал сè повеќе ги презема оние активности од кои се очекува најголема добивка. Во некои активности веќе традиционално е присутен (дрога, простотуција), а во исто време стекнува важност на нови подрачја поради приспособување на пазарот во согласност со способностите на своите припадници.

Главни активности на организираниот криминал, ако се споменат само најважните, се: трговија со дрога и оружје, игри на среќа, кражба на автомобили, лихварско кредитирање, проституција, перење пари, компјутерски криминал. Активностите на групите за организиран криминал се бројни и се приспособуваат според потребите на пазарот. Интересно е дека така стекнатиот капитал се инвестира во законски работи, во кои приходите се помали, но постојани. Бидејќи во економијата се работи со готовина, тоа им овозможува перење на пари. Токму таквото перење пари претставува загрозување на националната економија, а заедно со корупцијата, се загрозува егзистенцијата на државниот систем.

За терористичките активности карактеристична е употребата на насилство кон директни или индиректни мети на напад, актите се внимателно планирани и промислени. Метите се различни објекти, како што се: амбасади, аеродроми, седишта на важни странки и лица, јавни згради, комуникација и други симболични објекти чие оштетување поттикнува чувство на неизвесност, страв, дури и паника. Покрај тоа, метите на напад можат да бидат лица во случај со киднапирање, или пак, група недолжни луѓе во случај на поставување експлозивни тела на јавни места. Покрај ограничените активности, терористичките групи се вплеткани во кривични дела кои се карактеристични за огранизираниот криминал, како што се: трговија со дрога, уценување, трговија со оружје.

3.4 Сличности и разлики помеѓу тероризам и организиран криминал

Врската помеѓу организираниот криминал и тероризмот за првпат била забележана во осумдесеттите години, во врска со појавата на наркомафијата, кога терористичките групи почнале да се занимаваат со продажба на стока за да дојдат до пари. Оттогаш па наваму, стручните лица на двата облици посветуваат големо внимание, при што се препознаени следниве сличности:

- Делата на членовите на организацијата се однапред планирани и осмислени;
- Двете употребуваат сила и закана за постигнување цели;
- Двете за своите дела употребуваат киднапирање, убиства и уцени;
- Делувањето на двете групи е илегално и криминализирано за државата;
- Припадноста на групата е важен фактор, напуштањето не е можно;
- Стекнување на пари е примарна активност.

Разликите помеѓу тероризмот и организираниот криминал се гледаат во крајните цели на тероризмот и организираниот криминал. Општо познато е дека со терористички акти се постигнуваат одредени политички цели. Лепезата на политички цели кои треба да се остварат со тероризмот е широка и бара согледување на сите аспекти кои со терористичкиот акт даваат елемент на политика. Најчесто се работи за неусогласеност на

политичките цели и средства за нивно остварување, што значи дека се настојува политичките цели да се остварат на недозволен и неприфатлив начин.

За разлика од тероризмот, основната цел на организираниот криминал има економска димензија, односно остварување и зголемување на профит, богатење и јакнење на економската моќ на организирани криминални групи. Програмската платформа на организираниот криминал воопшто, а со самото тоа и на транснационалниот организиран криминал, претежно е насочена кон создавање профит, економски монопол и економска моќ, со минимални ризици, како и надомест за легализација на стекнатиот профит, монопол и моќ.

Ова се приоритетните цели на организираниот криминал, па организираната криминална дејност е насочена кон тој правец, додека останатите цели се споредни и се пропратни ефекти на организираниот криминал. Остварувањето на профит претставува појдовна цел на криминалната организација, што подоцна прераснува во зголемување на тој профит.

Организираните криминални групи не ја обелоденуваат својата цел, а посебно не ги покажуваат јавно своите политички амбиции. Но, нивната целокупна дејност е повеќекратно испреплетена со политиката на државата во која ги спроведуваат своите активности. Организираните криминални групи не се задоволуваат со тајно корумпирање на службени лица, односно политичари. Корумпираните лица од системот на политичка власт со своите неморални и противзаконски активности нанесуваат голема штета на матичната држава, која главно се открива со големо задоцнување.

Долготрајното функционирање на некој мешан криминален колективитет резултира со остварување на огромна финансиска добивка или моќ, која почнува да ја нагризува неидеологичноста на водачот на организираните криминалци, односно ја претвора во екстремна политичност. Тоа се случува во случаи кога криминалната елита во примарната жртва достигнува ниво на подобра организираност и функционалност од постоечката власт. Нивната паралелна власт ја сочинуваат владините службеници и тие управуваат со легалната и илегелната економија и политика. Нивната илегална економија е профитабилна, бидејќи не е подложна на оданочување, а губитници се државата и

граѓаните. Единствени добитници се организираните криминални групи и корумпираните членови на системот на политичка власт[50].

Клучни различности помеѓу носителите на тероризмот и организираниот криминал се следниве:

- Терористичките групи се залагаат за политички и идеолошки промени на системот, а организираните криминални групи се борат за поголемо учество на пазарот и зголемување на материјалната корист;
- Терористите на суд ги признаваат своите дела и тоа го употребуваат за претставување во јасноста, а припадниците на организираните криминални групи негираат вклученост во криминалната организација и нејзините активности;
- Терористите се обидуваат да постигнат што поголем одзив во медиумите и се обидуваат да се натпреваруваат со владата пред јавноста, а организираниот криминал избегнува медиуми и јавност;
- Врска помеѓу жртвите и терористите по правило нема, а кај организираниот криминал жртвата е тесно поврзана со делото;
- Меѓу групите на организиран криминал постои соперништво и борба за територија, што не може да се забележи кај терористичките групи.

Значи, постојат разлики помеѓу тероризмот и организираниот криминал, а постојат и сличности. Како што беше наведено, главна мотивација на организираниот криминал е добивката. Мотивацијата на тероризмот, пред сè, е од политички карактер. Подлогата е идеолошка, останатите активности, како што се трговија со оружје и дроги, се дополнителни, наменети за финансирање на терористички активности. Очигледно е дека организираниот криминал се бори за власт, со што ќе оствари што поголема добивка. Од друга страна, на тероризмот добивката му е потребна за да оствари моќ. Токму поради сличностите доаѓа до тоа во случај на некои групи да не може да се повлече точна граница помеѓу еден и друг облик на делување. Затоа и формите за борба против тероризам и организиран криминал се слични, се темелат на меѓународна соработка и помош.

Табела 2: Доминантни разлики помеѓу организиран криминал и тероризам

[50] Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010, стр. 224-225

Критериуми за дистинкција	Организиран криминал	Тероризам
Мотиви	Лукративни (материјални)	Идеолошко-политички
Носители	Групи, организации, здруженија на групи и организации, држави, сојузи на држави	Поединци, групи, организации, здруженија на групи и организации, држава, сојузни држави
Однос кон државата	Корупција, инфилтрација, селективно конфронтирање	Конфронтирање, промена на уставното уредување, промена на власт, заземање на власта
Траење на дејството	Трајно постоење и делување	До постигнување на идеолошко политичките цели
Доминантни методи	Ненасилни, прикриено насилство	Насилни, отворено насилство
Видливост на последиците од делување	Тежнее кон невидливост Последици од делувањето	Тежнее кон видливост Последици од делувањето
Распространетост	Постои во секоја држава	Не постои во секоја држава

Извор: Мијалковиќ, С., Бајагиќ, М., Организовани криминал и тероризам, Криминалистичко полицијска академија, Београд, 2012, стр.521

4. Транснационален организиран криминал

4.1 Елементи на транснационален организиран криминал

Поимот транснационален криминал се употребува во криминолошката литература повеќе од три децении. Тој за првпат бил дефиниран во ОН за спречување на криминалот и кривичното правосудство во подготовка на петтиот конгрес на ОН за спречување на криминалот и третирање на престапниците во Женева во 1975 година, со намера да се даде соодветен поим на еден криминал кој ги преминува границите и го загрозува правниот систем на повеќе земји. Современиот криминал не покажува граници, а криминалните групи од една земја лесно се поврзуваат со слични групи или организации на други земји, така што тоа добива и една нова димензија во криминалниот свет. Таа врска не е ограничена само на локално ниво, туку се одвива во соседни или оддалечени држави, што на сето тоа му дава и интерконтинентален карактер.

Иако сè уште не постои целосна согласност за тоа како да се наречат поединечните форми на криминал кои се карактеризираат со блиска соработка на криминални групи или банди од различни земји, сепак најмногу се употребува изразот транснационален организиран криминал, иако има и други називи, како што се: мултинационален организиран криминал, меѓународен организиран криминал и слично.

Терминот транснационален криминалитет немал, а и сè уште нема правно значење, туку тоа е криминолошки термин, под кој може да се води сè што е различно и поинаку дефинирано во казнените закони на земјите, но со заедничкии атрибут на појава која ја преминува надлежноста на која било држава. Меѓународната конвенција против транснационалниот криминал, усвоена во Палермо во 2000 година, под тој поим подразбира кривично дело кое е направено во повеќе држави, или е во врска или произведува последици во повеќе држави. Последните дваесетина години постои преокупираност со трансанционален криминал, на кој во почетокот внимание му посветувале само криминолозите, а денес, светското јавно мислење многу сериозно посочува на неговата сериозност.

Значи, најчесто користен термин е транснационален организиран криминал, па во врска со тоа, бившиот генерален секретар на Интерпол, Боссард, во својата позната книга „Транснационалниот криминал и кривичното право“, објавена во 1990 година, во Чикаго, смета дека еден криминал, правно гледано, е меѓународен само ако таквата антисоцијална активност е забранета со законите во дотичната држава.

Меѓународен карактер на едно дело му дава[51]:

- Фактот дека престапникот за да го изврши делото морал да премине барем една национална граница;
- Природата на делото (како меѓународна трговија со дрога), неговите последици или транснационалниот карактер на некои активности ги одредува самиот извршител (крадец, за да изврши дело, преминува од една во друга земја).

Конститутивни елементи на транснационалниот криминал се:

- премин на државната граница од поединци (криминалец или жртва), ствари (оружје, пари наменети за перење), или криминални намери (компјутерска измама во која сторителот дал налог во една држава за да се изврши парична трансакција во друга) и

[51] Босард, Транснационален криминал и кривично право, Чикаго, 1990

- меѓународно признание дека се работи за криминал. На национален план, некое антицосијативно прашање може да се смета за криминал ако е како такво предвидено во кривичниот закон. На меѓународен план, потребно е делото да се смета за кривично во најмалку две држави. До таа ситуација доаѓа ако двете држави прифатиле норми на одредена мешународна конвенција (Женевска конвенција за сузбивање на фалсификување пари од 1929 година, конвенција за сузбивање на трговија со луѓе и експлоатациоја на проститутки и други од 1949 година и Посебната конвенција за наркотици од 1961 година), или ако од други причини постои согласност на одредбите на националното законодавство.

Истиот тој автор, кривичните дела ги дели во пет групи[52]:

1. Дела против поединци:
   - Убиства и телесни повреди
   - Криминал против правата на човекот (тука спаѓаат делата кај кои државата ги загрозува човековите права и слободи)
   - Порнографија
   - Тероризам
2. Дела против имот
   - Разбојништво, кражба, изнудување
   - Крадење пари како меѓународна криминална активност
   - Кражба со транснационални последици (како што се кражба на моторни возила, кражба на културни добра)
3. Дела од меѓународен криминалитет
   - Измами
   - Дела со компјутерски криминал
   - „Перење пари“

[52] Босард, Транснационален криминал и кривично право, Чикаго, 1990

4. Дела со фалсификување

- Криумчарење на уметнички и индустриски добра
- Фалсификување на документи
- Криумчарење на странски банкноти и монети

5. Кримучарење

- Невозволена трговија со опојни дроги
- Шверц на други добра (и луѓе)

Горенаведените дела спаѓаат во транснационален организиран криминалитет под услов криминалните банди да ги исполнуваат следниве услови:

- Перманентност (се прават за да траат со години)
- Одлична структуираност
- Стрикна хиерархија и
- Тајност.

4.2 Видови на транснационален криминал, мерки и активности

Кога се зборува за организиран криминал, во најголем дел тој се однесува на транснационалниот организиран криминал. Тоа е така од причина што не е возможно една организирана криминална група, која врши на пример, трговија со луѓе, оружје, финансиски криминал, корупција, еколошки криминал или нешто слично, да ги изврши сите тие криминални дејствија на територијата на само една држава, бидејќи најчесто стоките и услугите се наменети за илегални пазари во други земји.

4.2.1 Перење на пари

Перењето пари низ историјата одразувало конкретни општествено економски прилики и се вршело во сите земји во светот, а до интернационализација на оваа криминална активност довеле техничките достигнувања, како и процесите на глобализација и интернационализација на финансиско-пазарниот систем.

Тоа во основа претставува легализација на капиталот стекнат со криминално дејство, а го сочинуваат трансакциите заради прикривање на вистинското потекло на парите и другите форми на капитал на пазарот. Перењето пари се состои во фалсификување на финансиска документација и манипулација во системот на меѓубанкарска трансакција. Последните години значително се изразува во затајување на даноци, илегална трговија со дроги и оружје, организирана коцка, проституција и рекет, како и процеси на приватизација на капиралот во бившите социјалистички земји на Источна Европа, како и во организираните канали на Запад[53].

Терминот перење на пари настанал во Соединетите Американски Држави и тоа во време на забрана на точење алкохол, таканаречено прохибиција, во дваесеттите години од минатиот век. Во тоа време, криминалните организации пристапуваат кон илегално производство и криумчарење на алкохолни пијалоци и со таа дејност остварувале профит. Перењето пари е процес со кој парите стекнати со криминална дејност се легализираат, со што се стекнува можност тие пари да се користат преку легални текови во рамките на производниот, платениот промет и слично. Како пратечка појава на криминалната дејност, присутно во земјите ширум светот, се врши на различни начини и се појавува во различни форми. Во потесна смисла на зборот, перењето пари претставува секоја работа или обид за работа со која се сокрива или прикрива нелегално потекло на средствата, така што ќе изгледа дека тие потекнуваат од легални извори.

Важни карактеристики на перењето пари како дејност на организиран криминалитет се:

- Располагањето со „валкани“ пари е условено со претходна криминална дејност;
- Тоа е процес со кој се прикрива постоење, природа и потеклото на нелегално стекнати пари;
- Процесот на перење пари опфаќа вклучување на нелегално стекнати средства со транформација, префрлање, размена, прикривање на потекло и намена, мешање со легални средства или на друг начин во легални финансиски текови;

[53] Бошковиќ, М., Криминолошки лексикон, Универзитет во Нови Сад, 1999, стр.264

- Со перењето пари, освен независно стекнати средства, се прикрива и криминалната дејност на поединците и криминалните организации, а крајна цел на перењето пари е постојано и непречено користење на приходите од криминалната дејност и избегнување казна за сторени кривични дела.

Перењето пари е многу сериозен меѓународен проблем. Токму поради доминантно меѓународната природа која ја има, станало јасно дека за негово сузбивање е неопходна интернационална соработка на владата, банките и останатите финансиски установи на полицијата и обвинителството.

Поради тоа во втората половина на осумдесеттите години од минатиот век усвоени се низа меѓународни инструменти кои ги охрабриле државите да предвидат правни средства за конфискација на имотот стекнат со криминални дејствија. Со оглед на тоа што криминалните групи брзо се движат во правец на интернационализација на своите активности, државите мора да подготват соодветни решенија во националното законодавство и меѓусебно да соработуваат и да ги обесхрабрат нивните активности[54].

Во врска со оваа проблематика, од големо значење е Конвенцијата на Советот на Европа донесена во Стразбур во 1999 година, позната како Европска конвенција за перење пари, следење, привремено и постојано одземање на приходи стекнати со кривични дела[55]:

- Конверзија или пренос на имот за кој се знае дека претставува незаконски приход со цел прикривање или маскирање на незаконското потекло на таквиот имот или помагање на кое било лице вклучено во вршење на главно кривично дело, да избегне законски последици од своите дела;
- Прикривање или маскирање на вистинската природа, потекло, места, располагања, преместување и постоење на права, односно сопственост над имотот за кој се знае дека претставува незаконски приход;
- Стекнување, поседување или употреба на имот за кој се знае дека во време на примањето претставувал незаконска добивка;

[54]Игњатовиќ, Ѓ., Организиран криминалитет, Полициска академија, Белград, 1998 година, стр. 182
[55] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминалитет, Полициска академија Белград, 2003, стр. 196

- Учествување со извршување, здружување или завера заради вршење, обид за вршење и помагање, поттикнување, олеснување и давање совет во вршењето на кое било дело утврдено во согласност во овој член.

Проблемот со перењето пари не ја заобиколил ни Европската Унија, поради што Советот на Европската Унија донел Директива за спречување на користење на финансискиот систем во однос на перењето пари, со која е утврдена обврската на државите членки во своите кривични закони да го воведат кривичното дело перење пари.



Генералното собрание ја усвоило Конвенцијата за борба против транснационалниот криминалитет во 2000 година, чие поле на примена се однесува и на перењето пари. Во Конвенцијата се бара државите во своите национални закони да ги имаат следните четири кривични дела:

- Учество во некоја група која се занимава со организиран криминалитет
- Перење пари
- Корупција и
- Опструкција на правдата.

4.2.2 Трговија со луѓе

Трговијата со луѓе е нов поим кој се однесува на појава која има долга историја, позната под името трговија со бело робје. Тоа е дејност на организиран криминалитет која обезбедува голема добивка. Кога се работи за трговија со луѓе, во секој случај станува збор за жени, деца и бебиња, како и за трговија со човечки органи. Во поширока смисла опфаќа и мажи, кои исто така можат да бидат учесници во миграција, но и објект на криумчарење, односно префрлање преку граница со нивна согласност, но со соодветен надоместок.

Тука станува збор за услуги од една страна и плаќање на истите услуги од друга страна, односно лица кои со преминот на границата ќе станат илегални мигранти, што како вршење на трговски услуги во краен случај претставува вид на трговија. Трговците со луѓе ја сфаќаат оваа работа многу сериозно и професионално и често користат и екстремно насилство за да го одржат редот. Жените до кои на тој начин се доаѓа се третираат како трговска стока, или артикл, многу повеќе од што е тоа изразено во традиционалната трговија со робови.

Мрежите на криминалните групи регрутираат и транспортираат девојки од една земја и ги продаваат во локалните бордели и кругови на проституција во друга земја, па така како жртви, можат да се продадат на различни бордели или банди во различни градови или земји или да останат внатре во еден круг и да бидат преместени на нов пазар[56].

Во криминалните дејства на трговија со луѓе се појавуваат два вида на актери - жртви и трафиканти, односно трговци и жртви на трговија со луѓе, трафикувани, експлоатирани, без оглед на пол, национална или верска припадност. Секое лице може да биде жртва на трговија со луѓе, но сепак најзагрозени се жените и децата. Кога станува збор за жени, тие потекнуваат од сиромашни региони и држави, неретко од растурени семејства и бракови. Размислувајќи за подобра иднина, очекуваат дека ќе работат како келнерки, фризерки, манекенки и слично.

Трговијата како бизнис, вообичаено функционира на следниов начин[57]:

- Регрутација: жените се пријавуваат на огласите за работа како бебиситерки, модели, фризерки, танчерки и слично, кои се објавени во весниците или на интернет. Исто така, регрутацијата се врши, или лицата се охрабрени да побараат можности за работа на запад, преку нивни пријатели или роднини;
- Фалсификување на документи за индетификација: транспортот и документите се во надлежност на организираните криминални групи;
- Запаѓање во долг - честопати документите за идентификација им се одземаат со самото пристигнување, а жените се соочуваат со огромен долг кој треба да им го

[56] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминалитет, Полициска академија Белград, 203, стр. 152
[57] Проект CARPO, Извештај за состојбата, 2006 година

исплатат на трговците за транспортот, кој треба да го надоместат преку проституција;

- Принуда: насилството врз жените често се користи како присилно средство. Постојат бројни извештаи во кои се вели дека жените се чуваат во изолација, претепани, силувани, претворени со зависници од дроги, се со цел да ги уништат и да ги задржат за работа. Исто така, за оваа цел трговците се служат со закани упатени на семејствата на жртвите;
- Постојана експлоатација: жртвите се препродаваат или разменуваат меѓу криминални групи и земји со цел да се овозможи достапност на „свежа стока“ на пазарите, да се спречи нивното откривање и да се дезориентираат жртвите со што ќе ги спречат да воспостават контакти со кои ќе им се помогне да избегаат.

Трговијата со деца се однесува на детска проституција, но и на нивно вршење одредени видови на криминални дејствија кои носат голема незаконска заработка. Како една од причините за зголемување на трговијата со деца со цел нивна сексуална експлоатација се наведува и таканареленият секси туризам, при што е отежната околноста, бидејќи сексуалната експлоатација на децата често е проследена со уживање на дрога, како еден од начините за полесно поднесување и пребродување на почетната фаза на оваа криминална дејност.

Организирањето, посредувањето или непосредното учество во илегална продажба на бебиња на брачни парови без деца, исто така е дејност на транснационален организиран криминалитет, кој обезбедува значителна добивка. Оваа дејност главно се карактеризира со два начини на вршење:

- Кога родители се согласуваат да го продадат своето бебе со одреден паричен надомест, посебно поради голем број на деца и недостаток насредства за живот;
- Крадење на бебето, негово прогласување за умрено и потоа продавање на заинтересирани лица.

Има и случаи кога жените кои се пред пораѓај да заминат во странство со цел таму да се породат и да го продадат новороденчето. Во сета таа дејност посредуваат и криминални организации, кои организираат трговија во согласност со родителите, или само на мајките им плаќаат одредена цена, за со продажбата на заинтересирани лица да

остварат значителен профит. Во поново време сè повеќе доаѓа до израз и појавата на илегална трговија со човечки органи заради нивна трансплантација. Богатите луѓе не бираат средства за да дојдат до органите кои им се потребни, кои ќе им го продолжат животот и ќе им овозможат поудобен живот. Ваквата трговија се развива во држави во кои се развиени приватни болници и каде контролата на државата е многу мала. Оваа криминална дејност е евидентирана во светот и транснационалниот криминалитет со својата експанзија ќе ја прошири и вклучи во повеќе земји.

Малите бројки на пријавени и ниската стапка на обвинениј за сторителите на кривични дела трговија со луѓе се причина за постоење на сериозна загриженоста која треба да се разгледа. Секоја година, стотини мажи, жени и деца се жртви на трговија и криумчарење на незаконски начин насекаде во светот.

4.2.2 Рекет

Рекетот е дејност на организиран криминалитет кој спаѓа во доменот на насилнички криминалитет, бидејќи овозможува приход на криминална организација со употреба на сила или сериозна закана. Оваа дејност се состои во тоа што криминалната организација нуди „услуги за заштита“ на одредено лице и одредува сума на пари која мора да ја плати за наводно сторени услуги, кои се проследени со сериозна закана, а некогаш и со сила, ако таквото лице одбие или има намера да ги одбие понудените услуги на криминалната организација.

Кога ќе се одбие таква заштита, криминалната организација пристапува кон реализација на своите закана со примена на сила и други брутални методи. Методите се многу драстични и се движат од оштетување до уништување на имотот, разни видови на малтретирања и напади, ранувања, па дури и убивања на таквите лица или некој од членовите на семејството[58].

Рекетот може да биде од „општ вид“, најраспространет и почетна дејност на овој вид на криминалитет. Тоа значи дека системската пракса на изнудување со заплашување, при што обично следи напад на личноста или уништување на имотот, како што рекетот,

[58] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминалитет, Полициска академија Белград, 203, стр. 213

најчесто се дефинира, се провлекува низ повеќето негови дејности. Обично како облици на рекет се наведуваат изнудување пари од сопствениците на фирмите и рекетирање на вработените. Во првиот случај, заштита за пари, им се наметнува на бизнисмените на кои им се гарантира безбедност од „ризик работата или друг објект да им бидат запалени, а излозите и главите да им бидат разбиени“. Понудата не смее да се одбие бидејќи на работата, односно на сопственикот ќе му се случи токму она од кое тој морал да се „осигура“.

Другата форма на изнудување спаѓа, пред сè, во групата на легални организирани криминалитети кај кои тој се инфилтрира во легален бизнис. Тука, пред сè, станува збор за рекетирање во областа на вработувањето. Овој облик на рекетирање го дефинира Претседателската комисија за организиран криминалитет. Традиционалните форми на рекетирање во областа на вработување кои се и денес актуелни вклучуваат:

- Воспоставување на љубовни договори (sweethearts contract) со работодавците;
- Ограбување на работничките фондови;
- Изнудување на „обезбедување против штрајк“ од работодавците.

4.2.3 Трговија со наркотици

Илегалниот промет и трговија со опојни дроги, секако е една од најприсутните дејности на организираниот криминалитет, која на носителите на тие незаконски дејности им носи исклучително големи заработки. Затоа на глобален план не може да се процени вредноста на трговијата со дрога, која според некои проценки, се движи веднаш позади глобалната трговија со нафта. Станува збор за многу стар, но секогаш актуелен проблем на кој меѓународната заедница во континуитет му посветувала големо внимание, па затоа одржала една низа на конференции во други меѓународни собири и усвоила голем број на документи од оваа област, како што се[59]:

- Меѓународна опиумска комисија на која се донесени одредени резолуции, што биле акти од меѓународно значење во оваа област (1909 година);
- Прва меѓународна конвенција за опиум (1912);

[59] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминалитет, Полициска академија Белград, 2003, стр. 216

- Втора меѓународна конвенција за опиум, одржана во Хаг (1914);
- Трета меѓународна конвенција во Женева, на која е дефиниран нацрт на Конвенцијата за контрола на производството и прометот на психоактивни дорги. Дефинитивниот текст на оваа конвецнија е усвоен во 1925 година во Женева, а стапила на сила во 1931 година;
- Конвенција за забрана на илегална трговија со дрога (1936);
- Анкарска меѓународна конвенција за производство на опиум (1947);
- Единствена конвенција за опојни дроги (1961);
- Конвенција за прихотропни супстанции (1971);
- Протокол за измена на Единствената конвенција за опојни дроги и психотропни супстанции (1988).

Денес дрогата е една од најпрофитабилните производи во структурата на организираниот криминал, што потврдуваат и извештаите на многубројни меѓународни форуми. Илегалната трговија со дрога се одвива по систем на уредена организација и мрежа која функционира по принцип на хиерархија, од произведувачи, сопственици на складишта, па сè до транспортни мрежи и организации за прераспределба во потрошувачките области.

Поради тоа, во некои области не постојат облици на државна регулатива на оваа појава или постои политички и економски интерес за производството и извоз на дрога. Опасностите од влијанието на организираниот криминал со дрога се секако големи. Тоа се просторите во зоната на Златниот триаголник (Бурма, Лаос, Тајланд), односно Златната полумесечина (северозападен Пакистан и пограничниот авганистански појас) во кои афион и коноп непречено се одгледуваат и преработуваат во хашиш и се превезуваат во други земји.

За оваа намена, во седумдесеттите години од минатиот век создадени се криминални организации на сите континенти кои организирале ланец на трговија, транспорт и дистрибуција на дрога. Од ваквите работи се обезбедува енормен профит, кој им овозможува на носителите, покрај другото, да обезбедат поддршка на јавните служби и финансиските организации.

Влијанието на наркобизнисот на организираниот криминалитет може да се подели во неколку сегменти[60]:

- Криминал кој произлегува од илегално производство и промет на опојни дроги, или и е во корелација со нив. Големо е влијанието на овој вид криминал и на проституцијата, измамата, разбојништвото, кражба, растурање на фалсификувани пари и друго. Наркоподземјето настојува во криминалот да вовлече што повеќе малолетници, бидејќи тие претставуваат неисцрпен резервоар на нови генерации, така да со нивно анимирање и вовлекување во светот на дрогата за подземјето се создава непрегледен пазар на нови конзументи.
- Перењето пари и илегални финансиски трансакции. Голем проблем за наркомафијата претставува легализацијата на големи парични износи заработени со продажба на дрога. Денес во светот постојат меѓународни банкарски центри, кои со законски олеснувања им ги овозможуваат на криумчарите тие трансакции.
- Корупција и врбување на политичари, полицајци, судии и новинари од страна на наркобосовите. Огромната финансиска моќ им дала големи можности на шефовите на подземните организации делот од парите да го инвестираат во создавање на свое лоби. Така наркодилерите воспоставиле своја сопствена инфраструктура меѓу влијателните луѓе ширум светот, меѓу министрите, конгресмените, сенаторите, судиите, обвинителите, полицајците и другите. Во некои земји, како што се Италија, Колумбија, Боливија, во посебна врска биле и претседателите на владите.
- Меѓународното поврзување на наркомафијата и создавањето на глобални организации за контрола на илегалното производство и промет на опојни дроги. Поради сè поголемата финансиска моќ наркоподземјето последните години се обидува да се организира на глобален план. Наркобосовите меѓусебно се обидуваат да се договорат околу поделбата на територијата и сферата на влијание. Во некои случаи финансираат и субверзија на легално избрани влади преку терористички акти или државни удари.

4.2.4 Економски криминал

[60] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминалитет, Полициска академија, Белград, 2003, стр. 220

Забрзаната економска глобализација која е заснована на интеграција на глобалните финансиски пазари и слободни пазарни стратегии довела до намалување на значењето на граничната контрола, истовремено овозможила проширување на можностите за пробивање на економскиот криминал во Европа.

Земјите од регионот се имаат соочено со нови форми на организиран криминал кои се поврзуваат со приватизацијата и новите банкарски и финансиски сектори кои се во развој, придружени од капиталниот пораст, избегнување на плаќање на даноци, царинска измама, банкрот, измами кои се поврзуваат со финансиските кредити, корупцијата и перењето пари. Организираните криминални групи формираат криминални фирми за вршење на кривични дела, иако тие инвестираат во легалната економија. Од друга страна, економскиот криминал ги користи легалните фирми за легални бизниси, иако се потпираат на измама, картели, монополи и корупција сè со цел да ја задржат конкурентноста на легалниот пазар.

4.2.5 Корупција

Корупцијата е општествено негативна појава која претставува најтежок облик на економски криминалитет. Неа ја карактеризираат[61]:

- Прикриеност
- Променливост
- Многу облици на појавување
- Широка распространетост и интернационализација
- Тешко докажување во кривично-процесна смисла
- Користољубивост
- Итрина на сторителите.

Корупцијата е една од најважните карактеристики на организираниот криминалитет која е директно поврзана со органите на власта. Нејзини носители се службени лица на разни функции, во државни органи, јавни служби и други јавни институции и установи кои решаваат за одредени обврски и одговорности на граѓаните и правните лица. Во

[61] Јелачиќ, М., Корупција, МУП Србија, 1996

своите активности и дејства организираниот криминал секогаш се наоѓа на другата страна на законот, и затоа тежнее кон легализација на незаконските работи. Ова се гледа во создавањето на активна врска со луѓето од највисокиот врв на државниот апарат или поврзаност со највлијателните политички партии и странки.

За остварување на овие врски, корупцијата претставува најдобар начин со кој се постигнува неутрализација на дејствата на законот, односно неутрализација на оние кои се надлежни да го спроведуваат. Значи, организираниот криминалитет со методот корупција, ги држи во рака државните службеници, одредувањето на службеници во полиција, судии, па дури и новинари, за да не се изнесува јавно за нивните валкани работи.

Најзначајни причини кои доведуваат до појава на корупција во сферата на организираниот криминалитет се следниве:

- Можност владата со својата политика да обезбеди значајна финансиска корист на поединци или компании преку договори, приватизација или давање концесии, со што субјектите блиски до власта стекнуваат корист;
- Мали плати на јавните службеници во однос на другите вработени;
- Подмитување на политичарите во функција на позитивни резултати на избори;
- Неефикасна заштита или отсуство на заштита на приватната сопственост;
- Перење пари во соработка со државата;
- Неефикасни институции на државата.

Корупцијата исклучително се врзува за службена должност. Законско и ефикасно вршење на службата е од исклучително значење за секое општество, па затоа корумпирано е она лице кое ја занемарува својата должност, ја злоупотребува положбата и овластувањата кои ги има, заради одредена корист. Таа е сериозен светски и правен проблем. Носителите на организираниот криминалитет се служат со заплашување и брутално насилство, кон жртвите, сведоците, конкурентите и слично, но корупцијата е нивно најсилно оружје.

4.3 Сојуз помеѓу транснационален организиран криминал и тероризам

Се смета дека здружувањето и сојузот претставуваат прво ниво на релација која постои помеѓу организираниот криминал и тероризмот. Сојузот е силен и траен облик на здружување, при што учеството во сојузот гарантира извесни гаранции. Така, криминалните групи формираат сојуз со терористички организации, а исто така и терористичките организации склучуваат сојуз со криминалните организации. Природата на сојузот помеѓу групите може да варира, во распон од еднократни, краткорочни, до долгорочни односи. Алијанси можно е да се воспостават од низа причини, во зависност од условите на стручно знаење.



Јасно е дека транснационалните групи на организиран криминал се во состојба на постојана еволуција. Модерните групи се структуирани на строги хиерархиски линии, односно мрежи кои се мултиетнички, мултинадлежни и подготвени да формираат сојузи во потрага за заеднички профитни цели. Овие мрежи имаат, во многу надлежности, висок степен на симбиоза со силите за спроведување на законите и владините агенции, а кои се остваруваат преку систематска и одржлива корупција. Тие остануваат и реактивни и проактивни. Исто така, терористичките групи станаа неверојатно вешти во остварување на своите заеднички цели.

И покрај разликите кои постојат помеѓу криминалните и терористичките организации во однос на средствата кои ги користат и крајните цели, постојат фактори кои укажуваат на сè поголем раст на сојузот помеѓу овие две организации. Прво, транснационалните криминални организации сè почесто користат терористички методи. Примери во овој контекст се: италијанската мафија, руските организирани криминални

групи, колумбиските картели и други. Овие групи користат терористички методи против државата и нејзините претставници, а понекогаш и во однос на конкуренцијата.

Второ, транснационалните криминални организации се подготвени да развијат директна врска со групите кои користат неселективно насилство во политички цели. Трето, на формирање сојуз помеѓу тероризмот и транснационалниот организиран криминал влијае безбедносниот концепт. Во периодот по Студената војна, меѓународниот тероризам изгуби значаен износ од спонзорство. Додека беше под покровителство на државата, тероризмот непречено ги спроведуваше своите активности. Но, бидејќи финансиската поддршка од страна на државата слабеше, терористичките организации сè повеќе се свртуваа кон организиран криминал и неговите активности, како алтернативен извор на средства[62].

4.4 Соработка помеѓу транснационален организиран криминал и тероризам

Разгледувањето на врската помеѓу организираниот криминал и тероризмот не е посебно ново. Многу аналитичари посветиле внимание на точките на контакт помеѓу овие различни форми на илегални активности. На наједноставно ниво има мноштвото примери на криминални банди кои применувале терористички методи за оставрување на своите цели. На пример, ставање бомба под автомобил и киднапирање е користено од страна на сицилијанската мафија за да се дестабилизира италијанското општество, додека нивните колеги од Русија посегнувале по слични видови активности.

Друга форма на соработка постои во смисла на заеднички интереси кои доведуваат до кооперација. Криминалните банди, со своите меѓународни и локални контакти, може да понудат недостапни услуги на терористички групи, од транзит на чувствителни материи, до набавка на оружје. Во некои делови на светот, терористичките организации се познати по создавање профит со директно вршење или помагање во вршење промет со дрога.

Третата форма за соработка е соработка со пропаднати држави. И за организираниот криминал и за тероризмот се верува дека цветаат во истите окружувања каде владее неред и отсуство на владеење на контрола. Ваквите заедници ги одликува

[62] McCusker, R., Organized crime and terrorism, Stading group organized crime, May, 2006, p.4

високо ниво на насилство, корупција и потенцијална субверзија на државните структури и забранети активности. Криминалните и терористичките групи можат да престојуваат на овие територии и да ги користат како сигурни локации од кои ги спроведуваат своите активности. Примери за вакви територии се бројни и често се последица на конфликти во општеството: Босна и Херцеговина, Албанија по 1996 година, Косово и Метохија по 1999 година.

Со оглед на тоа дека интернационалните политички и економски промени влијаат на трговијата со дрога, организираните криминални групи своите активности со леснотија ги приспособуваат на терористичките групи ширум светот. Од друга страна, терористичките групи се приспособуваат за преземање на власт на границите во интернационална трговија со луѓе, перење пари и вредности во националните граници. Криминалните организации ги забрзуваат своите активности со усвојување на знаења од компјутерската технологија, а терористичките групи со контрола на своите акции го намалуваат ризикот од инфилтрација и нивно разоткривање[63].

Меѓународните политички и економски промени кои ги користат организираните криминални групи ги олеснуваат нивните активности и ја јакнат соработката со терористичките групи ширум светот. Меѓународните терористички групи се посебно вешти во користење на предностите на отворените граници и глобализацијата на меѓународната трговија.

Терористичките организации можат во своите редови да вклучат криминалци со посебни вештини или криминалци кои имаат пристап до одредени криминални мрежи или кои поседуваат изразени криминални можности. Со зголемување на криминалните активности, терористичките организации остваруваат профит со кој ги финансираат своите активности. Во извесни ситуации, терористичките организации не може да бидат сочувани од уништување на логистичката мрежа и поддршка без силна поддршка на криминалните мрежи.

Иако терористичките групи и криминалните организации користат слични услови за вршење на своите активности, традиционално била застапена минимална соработка

[63] McCusker, R., Organized crime and terrorism, Stading group organized crime, May, 2006, p.6

помеѓу нив. Но, денес постојат потенцијали за сè поголема интеракција помеѓу транснационалните терористички групи и криминалните организации, и покрај различните цели[64].

4.5 Симбиоза на организиран криминал и тероризам

Симбиоза е заедничко делување на организираниот криминал и тероризмот, засновано на заедничка идеологија, заради остварување на двострана корист, која, пред сè, се гледа во финансирање и вооружување на терористичките групи од страна на организираниот криминал, како и во слабеење на механизмот на формалната државна контрола на терористички акти, овозможувајќи му на организираниот криминал да остане неказнет и да развива нови облици на незаконски активности.

Организираниот криминал и тероризмот се два најсериозни современи невоени ризици и закани за националната и меѓународната, пред сè, регионална безбедност. Иако станува збор за различи видови злосторства, од кои првиот е првенствено од имотен, а другиот е од идеолошко-политички карактер, во современиот свет сè почесто доаѓа до нивна симбиоза. Притоа, политиката и корупцијата се јавуваат како најчести и најцврсти кохезивни фактори.

Честа е врската помеѓу организираниот криминал со тероризмот, односно со организаторите и учесниците во вооружени судири. Иако многу теоретичари застапуваат теза дека тероризмот е еден од видовите организиран криминал, со сигурност може да се каже дека нивната релација може да биде исклучиво на ниво на поврзаност, но не и поклопување. Организираниот криминал претставува вид на имотно-класичен криминал, со лукративен и неидеолошки карактер, додека мотивите и целите на терористите се од идеолошко-политички карктер. Врската помеѓу организираниот криминал и тероризмот, постои во случаи кога:

1. Организираниот криминал со својот илегално стекнат профит финансира терористички организации или групи;

[64] Helfand, N., Asian organized crime and terrorist activity in Canada, Library of Congress under and Interagency agreement with the United States government, 2003, pp.35-37

2. Преку организираниот криминал се криумчари вооружување и опрема за потребите на терористичките движења и/или се криумчарат странски терористи до земјата во која делуваат терористичките организации;
3. Терористичките организации, самостојно или во соработка со криминални групи, преземаат извесни организирани криминални активности со цел стекнување материјални и воени средства за изведување на терористички дејства;
4. Организираниот криминал со изразени политички аспирации, презема одредени терористички активности за непосредно да дојде или да ја доведе својата политичка струја на власт.

Спрегата на организираниот криминал и тероризмот најчесто е функционална кога организираниот криминал се става во функција на тероризмот. Истовремено, врската може да биде и инструментална, кога терористичките групи се занимаваат со организиран криминал и обратно, кога организираните криминални групи преземаат терористички активности. Без оглед на тоа што во одредени ситуации исти субјекти се занимаваат со тероризам и со организиран криминал, линијата помеѓу овие два вида криминални дејности, како и вината, умислата и кривичната одговорност на извршителите на кривични дела, е јасна и недвосмислена.

Инаку, конфликтните ситуации, посебно оние кои ескалирале со вооружено насилство (вооружена агресија, граѓански војни, вооружени побуни, тероризам од масовни размери), претставуваат посебно значајни етиолошки фактори на организираниот криминал. На подрачјето зафатено со војна, покрај официјални и редовни единици на вооружени сили, делуваат и разни паравоени и терористички формации кои основале или во чии редови има цели криминални групи. Покрај учеството во вооружена борба, ваквите формации неретко криминално делуваат во вршење на кражба, тешка кражба, изнуда, разбојништво, киднапирање, рекетирање и слично. Истата група неретко грубо крши меѓународно воено и хуманитарно право, па не се ретки случаите на припишување воени злосторства на организирани криминални групи кои делуваат под маската на патриотски доброволни единици.

Освен што терористичките организации тесно соработуваат со организирани криминални групи, многу ограноци на терористичките организации прибегнуваат кон

криминални активности кои можат да се подведат под организиран криминал. Станува збор за таканаречени сиви и црни активности на водство, активен кадар и активна поддршка на терористички организации, како и дел од микрокриминални активности кои вршат пасивна поддршка на терористичките организации, а чија цел е остварување на противправна имотна корист.

Моќта на терористичко-криминалната врска во значителна мера се потпира на развиена корупција. Ова и не треба да нè чуди, со оглед на тоа што корупцијата, според многу теоретичари, длабоко е вкоренета во најголем број органи и политички структури како во државите на Балканот, така и во многу држави ширум светот.

Криминалните организации со помош на силата на идеолошките терористи ја шират својата зона на влијание градејќи глобална мрежа. Тоа им овозможува да го прошират своето поле на делување на сите профитабилни криминални дејности. Покрај криумчарење на наркотици, хероин, која е најразвиена дејност, развиени се и трговија со луѓе, трговија со човечки органи, криумчарење цигари, оружје, украдени возила и други активности кои се профитабилни.

За возврат, терористичката организација со ставањето под своја контрола на организираниот криминал, добива еден нов, моќен, глобален, структурен елемент од кој црпи неопходно потребни, огромни финансиски средства, без страв дека терористичките активности кои се реализираат преку овие структури ќе бидат адекватно санкционирани како терористички. Терористичките и криминалните организации имаат потреба незаконски стекнатите пари да ги исперат така што ќе ги инвестираат во легални работи. Криминалните организации затоа одлично соработуваат, не гледајќи го етничкото потекло, културните, општествени и политички разлики. Меѓу нив не доаѓа до остри несогласувања[65].

[65] Helfand, N., Asian organized crime and terrorist activity in Canada, Library of Congress under and Interagency agreement with the United States government, 2003, pp.40

Заклучок

Криминалот како негативна општествена појава секогаш бил присутен на светската сцена, а во текот на историјата се приспособувал на општествените услови и ги менувал условите на манифестирање, а најопасен и најекстремен вид на негово манифестирање е организираниот криминал. Земајќи го предвид фактот дека заштитата на виталните вредности од сите облици на закани е приоритет на секоја држава, неопходно е да се амортизираат ефектите на овој сериозен облик на загрозување на националната безбедност преку меѓународните организации и институции, теориското познавање и дефинирање на организираниот криминал, но и адекватна превентивна и репресивна реакција на безбедносните структури.

Организираниот криминал сè повеќе се интернационализира, меѓусебно се поврзува, настојувајќи да оствари одредено влијание во економските и политичките сфери на општествениот живот, користејќи ја својата финансиска моќ и вклучувајќи се легално и нелегално во важни области на поединечни земји. Во тој контекст, организираниот криминал врши и перење пари добиени со криминална дејност преку разни финансиски, економски и други трансакции. Овие и слични карактеристики се некои од обележјата на транснационалниот организиран криминал во последните години, и така се разликува од

оние облици пред петнаесетина години и повеќе, па во таа смисла и тешко се врши некоја споредба, со оглед на денешната слика на транснационалниот организиран криминал.

Транснационалниот организиран криминал настојува да ги искористи сите поволни услови, не само за свој опстанок, туку и за проширување на криминалните дејности, како просторно, така и во однос на инфилтрирање во нови сфери и на освојување нови погодни области на општествено економски и политички живот. Изнаоѓајќи соодветни облици за своја заштита, со примена на насилство и заплашување или воспоставување врска со државата и нејзините органи, политичките структури и поголемите економски и финансиски системи, транснационалниот организиран криминал создава позиција во економските и политички структури и сè повеќе станува значаен загрозувачки фактор на безбедност во национални и меѓународни размери. Со организациски силна структура и соодветни позиции во општеството, транснационалниот организиран криминал загрозува економски, политички, правни, социјални, културни, морални и други значајни општествени вредности.

Сè повеќе терористи се занимаваат со организиран криминал, а организираните криминални организации сè поинтензивно користат терористички методи, односно помеѓу криминалните и терористичките организации доаѓа до цврсти врски, интеракција, спрега, па и симбиоза, така што забрзано се бришат разликите и границите помеѓу организираниот криминал и тероризмот. Нивното заемно поврзување, како на национално, така и на глобално ниво, дополнително ја комплицира ситуацијта. Синергијата на овие (што се однесува до мотивите, целите и методите) различни организации, дополнително ја загрозува секоја безбедност и сите витални општествени, државни и меѓународни вредности и интереси. Поради овие заемни врски, тероризмот најчесто се дефинира како вид на организиран криминал.

Користена литература

1. Albanese, J., The causes of organized crime, Journal of contemporary criminal justice, Thousand Oaks, No.4/2000
2. Albanese, J., Organized crime in our times, Andernon Publishing Co. Cincinnati, 2004
3. Abadinsky, H., Organized crime, Third edition, Nelson Hall, Chicago, 1990
4. Afghanistan and Colombia, A common struggle against narcotics, Working paper, 2017
5. Бајагиќ, М., Основи безбедности, Криминалистичко полицијска академија, Београд 2007
6. Бошковиќ, М., Организовани криминалитет, први део, Полицијска академија, Београд 1998
7. Бошковиќ, М., Криминалистика методика 2, Полицијска академија, Београд 2000
8. Бошковиќ, М., Криминолошки лексикон, Универзитет во Нови Сад, 1999
9. Босард, Транснационален криминал и кривично право, Чикаго, 1990
10. Вајт, Џ., Тероризам, Александрија прес, Београд, 2004
11. Вејновиќ, Д., Шикман, М., Радуљ, С., Друштвени аспекти тероризма, Удружење дефенфолога Републике Српске, Бања Лука, 2006

12. Council of the European Union, 6204/97, ENFOPOL 35, Brussels, 21 April 1997
13. Concklin, J., Criminology (Nine edition), Pearson Education, Inc.2007
14. Crenshaw, M., The debate over „New“ vs „old“ terrorism, Chicago, 2007
15. Дуфрен, М., За човека, Нолит, Београд, 1972
16. Dzonatan, R., Terorizam, Alexandria Press, Beograd, 2004
17. Henneberg, I., Autorsko pravo, Informator, Zagreb, 1996
18. Helfand, N., Asian organized crime and terrorist activity in Canada, Library of Congress under and Interagency agreement with the United States government, 2003
19. Hofman, B., Unitrasnji terorizam, Narodna knjiga alfa, Beograd, 2000
20. Игњатовиќ, Ќ, Криминалистички аспекти деликта насиља, Деликт насиља, Институт за криминолошка и социолошка истраживања, Београд, 2002
21. James, L., Assessing the Risks of Cyber Terrorism, Cyber War and other Cyber threats, Center for strategic and international studies, Washington, 2002
22. Јелачиќ, М., Корупција, МУП Србија, 1996
23. McCusker, R., Organized crime and terrorism, Stading group organized crime, May, 2006
24. Мијалковски, М.,Тероризам и организовани криминал, Универзитет у Београду, Факултет безбедности, Београд, 2010
25. Мијалковиќ, С., Милошевиќ, М., Обавјештајно безбједносна дјелатност и службе, Висока школа унутрашњих послова, Бања Лука, 2011
26. Мијалковиќ, С., Бајагиќ, Г., Организовани кримина и тероризам, Криминалистичко полицијска академија, Београд, 2012
27. Милошевиќ, М., Одбрана од тероризма, Свет књиге, Београд, 2005
28. Maltz, D., On defining organized crime, Crime and delinquency, No.22
29. Проект CARPO, Извештај за состојбата, 2006 година
30. Recommendation Rec (2001) of the Committee of Ministers to Member States concerning guiding principles on the Fight Against organized crime, Council of Europe, 19 September 2001
31. Симоновиќ, Б., Криминалистика, Правни факултет Универзитета у Источном Сарајеву, Источно Сарајево, 2010
32. Стајиќ, Љ., Мијалковиќ, С., Безбедносни аспекти транснационалног организованог криминала, ЗБорник радова, Факултет цивилне одбране, Београд, 2004

33. Schmid, A., Jongman, A., Political terrorism, A new guide to actors' authors, Concepts, Data Bases, Theories and Literature, Norton Holland Publishing, Co. Amsterdam, 1988
34. Schmid, A., Terrorism, The definitional problem, War Crimes research Symposium, Terrorism on Trial, 2004
35. Shinder, D., Scene of the Cybercrime, Computer Forensics handbook, Rockland (USA), 2002
36. United Nation Convention against Transnational Organized crime, Palermo, Italy, 12-15 December 2000
37. Хаџијевска, С., Навременото откривање на трговијата со дроги од страна на полициските служби императив за превенирање на зависноста од дроги, Скопје
38. Шикман, М., Организовани криминалитет, Дефендологија центар за безбедносна, социолошка и криминолошка истраживања, Бања Лука, 2010
39. Шкулиќ, М., Организовани криминалитет, појам и кривичнопроцесни аспекти, Досије, Београд, 2003
40. Zirojevic, M., Zloupotreba interneta u svrhe terorizma, Medjunarodna politika, Vol. LXIII, br.2

Интернет-страници:

41. https://www.narconon.mk/about-narconon/narconon-program-recognitions.htm, посетено ноември 2023